*Совршената Учителка Чинг Хаи*

# Клучот на блиското просветлување

**Извадок од збирка на предавања**
**Бесплатен примерок**

# *Содржина*

Содржина .......... 2
Вовед .......... 5
Кратка биографија на Совршената Учителка Чинг Хаи .......... 10
Тајната на тамошниот свет .......... 13
Иницијација: Метода Quan Yin (Куан Јин) .......... 59
Пет правила .......... 62
Зашто луѓето мораат да бидат вегетаријанци .......... 64
  Здравје и исхрана .......... 65
  Екологија и заштита на човековата околина .......... 70
  Светски глад .......... 71
  Маките на животните .......... 72
  Друштвото на светите и другите .......... 72
  Учителката одговара на прашања .......... 75
Публикации .......... 88
    Книги .......... 88
    Аудио и видео касети .......... 90
    Музика на касети и ЦД .......... 94
Добри вести за вегетаријанците .......... 96
  Важни растителни протеини .......... 96
Како да контактирате со нас .......... 102
  Контактни личности по светот .......... 103

Прво онлине издание: март 2001

| | |
|---|---|
| Автор: | The Supreme Master Ching Hai Postal Box 9, Hsihu, Miaoli Hsien, Formosa, Republic of China |
| Издавач: | The Supreme Master Ching Hai International Association Publishing Co., Ltd. (Registered Under No.5390 in the Government Information Office, R.O.C.) |
| Адреса: | 1 F, No. 236, Song San Road, Xin Yi District, Taipei, Formosa (Taiwan), Republic of China |
| Авторска права: | The Supreme Master Ching Hai |


*Содржината и зборовите на оваа книга испреплетени се со милосрдноста и благословот на Учителката. Сите права се заштитени. Ниеден дел од оваа книга не смее да се репродуцира во било који облик или на било који начин, без претходно одобрение на Учителката или издавачот, со желби да нелегалните дистрибутери од ова издание се заштитат од кармичките последици на тој чин.*

*"Не припаѓам ни на будизмот, ни на католицизмот. Јас припаѓам на вистината и ја проповедам вистината. Можете тоа да го наречете будизам, католицизам или таоизам, како сакате. Сите сте добредојдени!"*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Со постигнувањето на внатрешниот мир, ќе постигнеме и се друго. Сите задоволства, сите исполнувања на овоземните и небесните желби, доаѓаат од Кралството Небесно - внатрешното исполнување на нашата бескрајна хармонија, нашата бескрајна итрина и нашата семоќ. Ако не го исполнеме, задоволството не ќе го пронајдеме никогаш, без оглед на тоа колку пари имаме, колку сме моќни или важен положај имаме."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Нашето учење: што да правете на овој свет правете го со сето срце. Бидете одговорни и медитирајте секој ден. Со желбата да си помагате себе си и на светот ќе стекнете повеќе знаење, поголема итрост и поголем мир. Не заборавете дека во себе носете лично божанство. Не заборавете дека во вас е присутен Господ. Не заборавете дека го носите Буда во вашето срце."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

# *Вовед*

Со векови човештвото било сведок на ретки личности, чија единствена цел бо нивниот живот, било духовното обогатување на човештвото. Исус Христос бил еден од пратениците, како што биле Shakayamuni Buddha или Мухамед. Овие тројца ни се многу познати, но има и многу други чии имиња не ги знаеме; некои од нив делувале јавно, ги познавале само неколку луѓе, додека некои други останале потполно анонимни. Тие личности се викале различно, во различни времиња и разни земји. Ги нарекувале како: Учител, Аватар, Просветлен, Спасител, Месија, Божествена Мајка, Пратеник, Гуру, Жив Светец и слично. Тие ни го нудат она што го нарекуваме просветлување, спасување, самосоздавање, ослободување и разбудување. Зборовите се различни, но имаат исто значење.

Пратениците од исто божје потекло, еднакви во духовната возвишеност, моралната чистина и сила со цел да го подигнат човештвото, како светците во минатото, кои се со нас цело време, а денеска дури некои се свесни на нивната присутност. Една од таквите личности е Совршената Учителка Чинг Хаи.

Учителката Чинг Хаи веројатно нее личност за која на прв поглед би рекле дека е жив светец. Таа е жена, а многу будисти како и други луѓе веруваат во митот дека жената неможе да постане Buddha. Таа е од азијско потекло, а многу западњаци

очекуваат да спасителот изгледа како нив. Меѓутоа, ние – кои доаѓеме од сите страни на светот и припадници сме на различити религии – кои ја запознавме и го следиме нејзиното учење, знаеме која е и што е. За да дојдеме до тоа учење потребен е отворен ум и искреност. Покрај времето и вниманието не ние ништо потребно.

Многу луѓе своето време го поминуваат заработувајчи за живот и се грижат за материјалната страна на животот. Работиме настојувајчи да го направиме својот живот и животот на своите најблиски колку е можно подобар. Ако тоа ни го дозволува времето, се интересираме за работи како што се: политика, спорт, ТВ или последната афера. Оние меѓу нас кои ја почуствувале јачината на љубовта со помош на директниот внатрешен контакт со Божеството знаат дека тоа содржи многу повеќе живот, отколку во она предходното. Сметаме дека е штетно, малку да се знае за оваа добра вест. Решение за сите наши животни борби е скриено во нас и чека. Знаеме дека е Рајот на дофат на раката. Извинете ни ако отидеме во преголем занос и не замерувајте ако зборуваме за работи кои можат да го повредат вашиот рационален ум. Тешко ни е да молчеме гледајќи го она што гледаме и знаејќи го она што знаеме.

Ние кои се сметаме за ученици од Совршената Учителка Чинг Хаи и применувајќи ја нејзината метода (Quan Yin), ви ја нудиме оваа воведна книга со надеж дека ќе ви помогнеме да се приближете на своето лично искуство, Божественото исполнување, било тоа преку нашата Учителка или преку некој друг Учител.

Учителката Чинг Хаи учи за важноста на медитација, внатрешната контемплација и молитвите. Таа поучува дека ние ако сакаме да бидеме вистински среќни во овој живот мораме сами да ја пронајдеме нашата Божанствена присутност, ако сакаме да бидеме сречни во овој живот. Таа тврди ***"Тоа е вака: сите ја знаеме на вистината, се работи само во тоа што сме ја заборавиле. Поради тоа понекогаш некој мора да дојде да не потсети за целта на нашиот живот, за причината поради која мораме да ја бараме вистината, зашто мораме да ја применуваме медитацијата или веруваме во Господа, Буда или во некој друг, за кого веруваме дека е Најголема Моќ во вселената."*** Таа од никого не бара да ја следи. Таа едноставно го дава своето просветлење како пример, така што и другите можат да ја постигнат својата цел, последното Ослободување.

Ова книга е вовед во учењето на Совршената Учителка Чинг Хаи. Ве молиме да посветите внимание на тоа дека се, предавањата, коментарите и цитатите на Учителката Чинг Хаи, снимени, препишани и понекогаш преведени на некој друг јазик и после тоа се припремени за штампање. Ви препорачаме да ги слушате и гледате нејзините оригинални аудио и видео-снимки. Искуството од овие извори е во секој случај повеќе содржано и побогато, од она добиено со читање на пишаните текстови. Секако, потполно искуство е да се види лично.

За некои Учителката Чинг Хаи е нивна Мајка за некои Татко, а за некои нивна Сакана. Ако ништо друго, таа е најдобриот пријател кој е на овој свет воопште можно да го имаш. Таа е овде да ни даде, а не од нас да земе. Таа своето учење, помош

или иницијација ги дава бесплатно, единствено што ќе ви земе е вашата мака, тага и болка. Но само ако тоа го сакате!

*"Учител е оној кој го има клучот со кого и вие ќе станете Учител… да ви помогне да разберете, дека сте и вие Учител, и дека сте вие и Господ едно. Тоа е се… тоа е единствена должност на Учителот."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Нашиот пат не е религија. Јас никого не преобразувам на католицизам, будизам или на некој други теизам. Јас едноставно ви нудам, да го најдете патот до самите себе, да разберете од каде доаѓате, да се сетете на своето пратеништво во овој свет, да ги откриете тајните на вселената, да разберете зашто има толку сиромаштво и да дознаете што не чека после умирањето."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Одалечени сме од Господа, бидејќи имаме многу обврски. Ако некој ви зборува, а телефонот звони без престанување, ако нешто кувате или со некого зборувате, тогаш со вас никој неможе да стапи во врска. Истото се случува со Господа. Господ не повикува секој ден, а ние немаме време за него, и телефонот го оставаме да звони."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

# *Кратка биографија на Совршената Учителка Чинг Хаи*

Учителката Чинг Хаи потекува од богато семејство, од Aulaca (Виетнам). Нејзиниот татко бил ценет лекар, применувал природни методи. Таа е католички воспитана, а од нејзината баба ги стекнала основите на будизмот. Уште како дете покажувала интерес за филозофски и религијски учења и со посебно внимание се однесувала према сите живи суштества.

Со навршени 18 г. Учителката Чинг Хаи отишла на студирање во Англија, а покасно во Германија и Франција, каде работела за црвениот крст, се омажила за еден германски научник. После 2г. Сречен брак, го оставила на мажот со негова согласност, потоа ја продолжила потрагата за просветлување и така го постигнала идеалот, за кого чезнеела од детството. Во тоа време под водство на различити учители и мајстори, се занимала со различити техники на медитација и душевни дисциплини. На крај разбрала дека е без корисно како единка, да помогне во смалување на човечките маки. Разбрала, да најдобар начин за да се помогне на луѓето е, ако го постигне степенот на самозапознавањето. Единствено со таа намера патувала по разни земји и ја барала најдобрата метода за потполно самозапознавање.

После многу години исполнети со испити, доживувања полни со проблеми и јадови, Учителката на крај ја пронашла методата Quan Yin, а на Хималаји го доживела и добивањето на Божанска сила. После некое време на Хималаите, посветено на вежбите го постигнала потполното просветлување.

Во годините после просветлувањето Учителката Чинг Хаи живеела спокоен и повлечен живот, како будистичка калуѓерка. По природа е повлечена, таа своето богатство го чувала скривено во себе, се додека кај неа не дошле луѓето, кои сакале да ги поучува и упати во своето учење. Упорните молби и настоувања на учениците од Формоза (Тајwan) и САД, се повод што Учителката Чинг Хаи започнала да одржува предавања во целиот свет, и во својата наука упатила иљадници и иљадници чесни луѓе, кои сакале душевно да се развиваат.

Денеска е се поголем број на луѓе, кои ја бараат вистина, луѓе од различити религии и од различити земји, доаѓаат кај Неа, да ја запознаат Нејзината итрина. Учителката е со воља да им се посвети на луѓето, кои се спремни да учат и искрено да ги преименуваат методите на моменталното просветлување, која и сама ја разбрала како највисока – Quan Yin метода – им помагала и ги водела на нивниот душевни пат.

Животот е полн со маки
Единствено јас лудувам за Тебе!
Дека ти е местото овде на светов,
Сите маки ќе исчезнат без траг.
Како е светот полн со маки,
Не наоѓам место за тебе!

Ќе ги продадам сите сонца, месеци и звезди на вселената
Само да купам некои од Твоите занесни погледи.
О, Учителу со Бескраен сјај!
Биди милостив и истури неколку зраци во моето
Мечтаечко срце.

Светските луѓе излегуваат во ноќта да пеат и играат
На светлото светско и музиката светска.
Само јас седам сама во трансот,
Треперејќи во сјајот и внатрешната мелодија.

Откога ми е дадено да ја запознам Твојата слава, о Господине
Не можам да љубам ништо од овој свет.
Прегрни ме во својата милосрдна љубов,
Засекогаш!
Амин!

од збирката на песни "Тивки солзи"
~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~

# *Тајната на тамошниот свет*

Предавањето на Совршената Учителка Чинг Хаи
26.јуни 1992.
Обединетите нации во Њу Јорк

Добре дојдовте во Обединетите нации. Ве молам, сите заедно да се молиме, секој во својата вера, да бидеме благодарни за тоа што го имаме, за тоа што ни е дадено; да им посакаме на оние кои немаат доволно, да добијат колку и ние, прогонетите, жртвите на војните, војниците, челниците на владите и секако челниците на Обединетите нации, ќе успеат да го постигнат, тоа што го сакаат и заедно да живеат во мир. Веруваме дека ќе се исполни тоа за што се молеме бидеќи така е запишано во Библијата. Ви благодарам!

Вие знаете дека е темата на нашето денешно предавање "Другата страна на овој свет" не сакам да ви зборувам за овој свет, кој добро го познавате. Но од другата страна на светот постојат други работи. Мислам дека сите кои дојдовте тука сакате нешто да дознаете. Па, како што нашиот практичар пред малку спомна, не се работи за нешто неверојатно или за некое чудо, во кое не може да се верува. Зборот е за работи кои се темелат на науката, многу важни и логични.

Сите знаеме дека во различити свети книги и религски записи, се споменува постоењето на седум неба, односно нивоа на

свеста. Тоа е Кралството Господово во нас, природата на Буда итн. Тоа е нешто, што ни е ветено од другиот свет. Меѓутоа малку луѓе доаѓаат, до тоа што е ветено во религијските белешки. Не би рекла никој, но во секој случај е мал број на луѓе. Пропорционално со вкупниот број на луѓето во светот, бројот на оние на кои им е отворена вратата на внатрешното Кралство Господово, Кралството небесно или она што го нарекуваме “тамошен свет”, е многу мал.

Ако живеете во Америка, сигурно сте имале прилика да прочитате многу книги, во кои се опишуваат вистината на тамошниот свет. Исто така некои филмови кои ги снимиле Американците, тие не се потполна фикција. Така некои филмови кои ги снимале јапанците не се потполно измислени… А тие ги читале книгите, од оние кои веќе биле “на другата страна” или самите имале можност на час да погледнат во Кралството Господово.

Што се наоѓа во Кралството Господово? Зашто да се грижеме за Кралството Господово, кога веќе и вака имаме многу работи на овој свет, свое работно место, сигурни куќи и многу срдечни средби со другите луѓе итн. Поради што го имаме сето тоа, треба да се посветеме на Кралството Господово.

Можеби е изразот Кралството Господово и премногу религијски. Меѓутоа зборот е за еден поголем степен на свеста. Во минатото тоа луѓето го нарекувале небо. Меѓутоа научно можеме да го наречеме со други имиња, на пр.: поголем степен на знаење, поголем ниво на итрината. Тоа ниво можеме и ние да го постигнеме, само треба да знаеме како.

Од неодамна чувме дека во Америка е направена и вече се применува машина со чија помош се постигнува samadhi. Да ли сте имале и вие искуство со тоа? Тие машини можете да ги купете во Америка за 400 – 700 долари, зависно од степенот кој сакаме да го постигнеме… Велат дека е тоа за дембели луѓе кои не сакат да медитираат, веќе веднаш да го постигнат samadhi. Добро, кога не знаете ништо за тоа би сакала во кратки црти да ве запознаам.

Велат дека таа машина може да го доведе човекот во посебна душевна состојба , со чија помош се постигнува висок степен на интелигенциа (IQ). Тврдат дека на тој начин се стекнува големо знаење, голема итрина, човекот после тоа се чувствува многу убаво. Таа машина користи одбрана врста на музика, за која се потребни слушалки, а при тоа се употребува и електрична струја која го стимулира човекот, додека пред очите му се појавуват некоји врсти на молњи. Слушалките и маска за очи, тоа е се што е потребно за samadhi. Тоа е многу добро и за цена од само 400 долари то е ефтино. Но нашиот samadhi е уште поефтин, не чини ништо, а трае вечно. Засекогаш. Не е потребно да ги менуваш батериите или да го полнеш апаратот со струја, да го приклучуваш и исклучуваш или да го поправаш ако се расипе.

Па сега, ако на човекот можат музиката и вештачката светлост да го опуштат и да го направат итар, тогаш тоа треба и да му се овозможи. Но, читав во новини, што е можно од таа направа да се очекува, јас лично никогаш не сум ја испробала. Тоа е една сосем нова направа која добро се продава, кога веќе тие вештачки работи можат да го опуштаат и да ја подигнат нашата интелегенција, дали можете да замислете, колку можат природните направи да и помогнат на наша итрина. Правото и

вистинското се наоѓа надвор од овој свет, но сепак е достапно на секој човек, кој сака со тоа да стапи во контакт. Тоа е внатрешна небесна музика и внатрешен небесни звук. И зависно од јачината на звукот со внатрешната светлост и внатрешната музика, можеме да навлеземе во другата страна на овој свет, да дојде до повисоко ниво на разбирање.

Мислам дека тоа е од прилика како со физичките закони, кога ќе се лансира ракетата во просторот каде што владее безтежинска состојба, потребна е голема погонска јачина. Исто така кога ракетата лета со голема брзина, ослободува светлина. Така, мислам дека и ние ако пребрзо стапиме во тамошниот простор, можеме да ослободуваме светлина. А притоа можеме да слушаме и звукови.

Звукот потекнува од онаа врста на бранови која ќе не стави во повисоки сфери, но тоа се одвива безбучно без било какви потешкотии, без издатоци и без чувство на непријатност кај луѓето, кои тоа го испробале. На тој начин стапуваме во подрачјето на тамошниот свет.

А тоа што се наоѓа на другата страна на овој свет подобро е од овој наш свет. Подобро е од се што воопшто можеме или не можеме да замислиме. Кога ќе го испробаме тоа еднаш, тогаш сознаваме што е тоа. Никој друг тоа неможе да го објасни. Но притоа мораме да издржеме, мораме да бидеме искрени, бидејќи тоа никој неможе да го испроба за нас. Исто како што неможе некој друг да работи, наместо вас во ОН, а вие за таа работа да добивате плата. Исто така, како што неможеме да се наситеме ако некој други јаде наместо нас. Нели, единствен прави пат за стекнување на искуство. Додуша, можеме некого да слушаме

кој зборува за своите доживувања, но од тоа не можеме да стекнеме свое доживување. Новите работи можеби можеме да ги разбереме еднаш или двапати, можеби и неколку дена за ред, благодарејќи на личноста, која сама го разбрала на Господа. Тогаш можеби гледаме некаква Светлина или слушаме некој Звук, на сосем природен начин, а да не се мачиме, но тоа во тие случаеви не бидува подолго време. Поради тоа и ние самите мораме да го испробаме, со личен труд ("На својата кожа").

Од другата страна на нашиот свет постојат многу други светови. како пример за тоа можеме да го земеме светот кој постои нешто малку над нашиот, а кој во западњачката терминологија се означува како Астрални свет. Во Астралниот свет постојат стотини па и повеќе различити степени и секој степен е свет за себе. Тие претставуваат степени на нашето сопствено разбирање, како кога поађаме одреден студии на некој универзитет. Па со секој степен на образование го продлабочуваме нашето разбирање за тоа што учеме на студиите и така полека доаѓаме до диплома.

Во Астралниот свет ќе видеме многу т.н. чуда, кој ќе не доведат на проба (искушение), а веројатно и на нас ќе ни се случаваат. Можеме да ги лечиме болните, можеме понекогаш да видиме нешто, што другите луѓе неможат да го видат. Поседуваме најмалку шест облици на надприродна моќ. Можеме да видиме повеќе од тоа што е нормално по природните законитости, во состојба сме да чуеме звукови надвор од границите на просторот. Одалеченоста не ни причинува никаков проблем. Тоа го нарекуваме небесен слух и небесен вид. Во состојба сме да ги прочитаме мислите, а понекогаш и намерите на другите луѓе, и

т.н. Тоа е моќта која ја стекнуваме, кога го постигнуваме првото ниво на Кралството небесно.

Во внатрешноста на Првото Ниво, како што реков, постојат уште многу различити степени, кои ни даваат многу повеќе можности, одколку што со збор можат да се опишат. И кога ќе дојдеме на тој степен, на пр. кога после иницијацијата медитираме и кога сме го постигнале Првиот Степен, во нас ќе се развијат уште многу други способности. Можеби ќе го развиеме и нашиот писателски талент, кој предходно не сме го имале. Ќе знаме многу што другите не знаат и многу работи ќе ни дојдат како небесни подароци, понекогаш на финансиски или на професионален план, а понекогаш и на сосема други подрачја. Одеднаш сме во состојба да пишеме песни или да сликаме, одеднаш сме во состојба да работиме нешто што предходно не сме умееле, не ни доаѓало на памет, дека сме способни за такво нешто. Тоа е Прв Степен. На пр.: тогаш сме во состојба да пишеме песни и книги, стилски многу убаво и покрај тоа што предходно сме се занимавале со аматерско пишување. Тоа е материалната корист која ја добиваме со Првиот Степен на свеста.

Тоа не се Господови дарови. Тие се наоѓаат во нашето небо и само зато што сме ги разбудиле, во нас повторно ќе живеат. Тогаш можеме да бидеме корисни. Така, тоа би биле информациите за Првиот Степен.

Кога ќе дојдеме на повисок степен гледаме уште други работи, постигнуваме многу повеќе. Неможам се да ви разјаснам бидејќи имаме малку време на располагање. А и не е потребно за сите убави работи, за колачињата и бомбоните само да се

зборува, а никогаш да не ги пробаме. Поради тоа сакам малку да ви го отворам апетитот за тие работи, а ако сакате да ги јадете, тогаш тоа е нешто друго. После ќе биде послужена права храна! Ако таа храна навистина сакате да ја пробате.

Ако го поминеме првиот степен и зачекореме во вториот, во онеа што го нарекуваме "Втор" поради едноставноста на работите. Тогаш ќе имаме многу повеќе можности од првиот, вклучувајќи го и постигнувањето на чудата. Но најважно постигнување, во Вториот Степен е елоквенцијата и големата способност за усно изразување. Се чини дека на личноста која го постигнала Вториот Степен, никој не може да и се спротистави со збор во расправите. Бидеќи таа на тоа подрачје владее со големи можности на изразување, а нејзината интелигенција е најголема.

Многу луѓе кои се просечно паметни и имат просечен коефициент на интелигенција, на таа личност не и се дорастени, бидеќи нејзината интелигенција е многу повеќе развиена. А, покрај теловните функции на мозокот, се развива и таинствената небесна сила, итрината која се наоѓа во секого од нас. Сега таа почнува да се развива. Во Индија овој степен се нарекува "Buddhi", што значи интелектуален степен. Кога човекот го постигнува степенот "Buddhi", тој постанува Buddha, од тоа потекнува зборот Buddha. Но со тоа не е се речено. Не сакам да ве запознаам само со Buddha, има нешто поголемо од тоа.

Голем број луѓе, на просветлената личност ја нарекуват Buddha. Ако таа просветлена личност не знае што се наоѓа на другата страна во Вториот Степен, веројатно со тоа се гордее. Да, таа

личност се гордее што самата представува жив Buddha, исто како што нејзините ученици се гордееат, што ја викаат така. А ако таа личност постигнала Втор Степен и со тоа е во можност да гледа во минатото, сегашност и иднината, на било која друга личност, која ќе ја избере, и ќе постигне посебна вештина на зборување, тоа уште не е крај на Кралството Небесно.

Никој нетреба да биде задоволен што може да го чита; минатото, сегашноста и иднината, затоа што тука се работи за акаша-записи, како ги нарекуват во западната терминологија. Секој од вас кој се занима со yoga и применува одредена врста медитација, ќе го разбере значењето на изразот акаша; тоа е една библиотека слична како оваа која се наоѓа пред нас, во зградата на Обединетите Нации. Знаете што мислам. Во библиотеката се еден покрај други, арапски, руски, кинески, англиски, француски, германски и многу други јазици. Ако сте во можност сите тие јазици да ги читате, тогаш сте во можност да разберете што во сите тие земји се случува. Така е во можност и оној кој ќе го постигне Вториот Степен, да го разбере и протолкува карактерот на другиот човек. Онако како што читаме нечии животопис.

Во Вториот Степен на свеста, е можно да се постигне уште повеќе. Кога некој ќе дојде до Вториот Степен, тоа е фантастично, бидеќи е тогаш жив Buddha, поради тоа што го отворил "Buddhi" т.е. интелектот. И тогаш знаеме многу работи, дури и оние кои не можеме да ги израземе. Секое т.н. чудо може да ни се случи без оглед дали ние го сакаме тоа или не, бидејќи нашиот интелект е отворен и знае како да направи, за нашиот живот да биде поудобен и подобар. Нашиот интелект "Buddhi" така се отвори да сега имаме дозволен влез во сите информации

од минатото и сегашноста, па своето однесување можеме да го направиме така што ќе бидеме подобро припремени, против грешките што ги правевме во минатото. Така можеме да ги поправиме грешките и да го подобриме животот.

Ако на пр. порано не сме знаеле, дека ненамерно сме го увредиле комшијата, сега тоа ни постанува јасно. Тоа е сосема едноставно! Така долго додека за тоа ништо не сме знаеле, комшијата молчејќи, а за тоа несме знаеле, бил против нас и задгрб сакал да ни наштети. А се е тоа поради недоразбирање или поради тоа што сме направиле неправда. Но сега тоа го знаеме, знаеме зашто се случило тоа. Сега е лесно, можеме да отидеме кај комшијата, да го побараме на телефон или дома да приредиме забава и да го поканиме. И тогаш да разјасниме и да го решиме недоразбирањето.

Кога ќе го постигнеме степенот на интелектот, ние автоматски т.е. самите посебе, ги разбираме сите тие работи. Во мир поставуваме врска со изворите на мочта, кои тогаш ни помагаат да ги доведеме и другите работи во ред на правилен начин и на својот живот да му дадеме подобар пат. На тој начин несреќата можеме да ја ставиме на најмала можна мера, несаканите ситуации да ги одбегнеме, а лошите животни услови да ги промениме. Тоа е преубаво, ако сме во состојба да го постигнеме Вториот Степен.

Тоа што го објаснав е научно и логично, за личностите кои се занимаваат со yoga и медитација, не треба да се мисли дека се таенствени личности или некои "суштества од вселената". Тие се како и ние земјани, но тие продолжиле да се развиваат, бидејќи знаеле како тоа се работи.

Во Америка велат дека се зависи од знаењето (know-how), поради тоа се може да се научи. Дали е така? Можеме се да научеме. И ова овде е една врста наука. Од другата страна на оваа светска наука, во која исто така можеме да постигнеме знаење. И колку тоа чудно да звучи – што се работите на повисоко ниво – тогаш се тие поедноставни. Тие се поедноставни од она што се учи во гимназиите и факултетите, со сите оние компицирани математички прашања и проблеми.

Исто така, во Другиот Степен има многу различити подстепени. Но че скратам зашто не можам да зборувам за сите поединости на небесните тајни. Да! тоа ќе го разберете кога ќе патуваме низ тие подрачја со учителот кој веќе има такви патувања. Тоа не е тајна. Но, навистина би траело предолго, да запираме на секој степен, кои има уште многу подстепени и сите да ги во целост испитуваме, тоа би ни одзело премногу време. Поради тоа понекогаш учителот ве води брзо низ сите тие степени. Чук, чук, чук! Ако не сакате да го постигнете степенот на мајсторот, тогаш и не морате толку многу да учите. Тоа ќе ви отежнува безпотреба. Поради тоа, низ него сакам на брзина да ве прошетам и повторно да ве вратам дома, зашто тоа трае долго време. А понекогаш и цел живот.

Но просветлување постигнуваме веднаш, но тоа е само почеток, како и уписот на некој факултет. Од првиот ден после уписот, станувате студент на тој факултет, а тоа нема врска со докторатот. После четири, шест или дванаест години, ќе го завршиме студирањето. А студент на тој факултет станувате веднаш – ако се запишавте на прав факултет, со сериозни намери. За тоа мораат да соработуваат двете страни.

Тоа е слично како кога сакаме да одиме на другата страна на светот, само малку да се забавеме, бидејќи во Њу Јорк нема каде да се излезе. Веќе сме го запознале целиот Manhattan, Long Beach, "кратката плажа" и сите други плажи (смеење). Да си замислеме дека сакаме да отпатуваме на место каде живеат ЕТ (суштества од вселената) да видиме што таму се случува. Во ред? Зашто да не? Ако толку пари можеме да потрошиме за патувањата на Флорида, или во Мајами. Само еднаш да се искапаме во море, зашто еднаш не би побарале разни светови, надвор од нашиот свет, па да видиме како таму се живее? Мислам дека во тоа нема ништо чудно. Зарем не? Се работи само за едно малку подолго патување. За едно ментално, душевно а не физичко патување. Постојат две врсти на патувања. Тоа е логично, лесно се разбира.

Сегаш сме на Вториот Степен, што би требала уште да речам? На тој начин продолжуваме по овој свет, меѓутоа истовремено поседуваме свест за другите светови. Поради тоа што патуваме.

Исто како што вие државјани на САД или државјаните на било кои други земји на светот, патувате за да дознаете како е во другите држави. Се опкладувам дека многу од вас во Обединетите Нации не се родени Американци зар не? Сега знаете дека се работи за исто. Можеме да патуваме на други планети, со цел нешто да дознаеме. Поради тоа што е голема одалеченоста таму не можеме да одиме ниту пешки, ни со ракета. Не можеме ни да употребиме НЛТ (летачки тајнир).

Некои светови се наоѓаат многу подалеку, него што може еден НЛТ да лети. Неодредено летачко тело, да! Меѓутоа, во себе

имаме нешто многу побрзо од секој НЛТ. Тоа е нашата душа. Понекогаш ја нарекуваме дух. И со неа можеме да летаме и без гориво, без полицијски контроли, без гужви и долги автомобилски редови или нешто слично. И нетреба да се грижеме, ако еден ден Арапите не сакаат да ни продадат нафта (сите се смеат) бидејќи нашето возило се движи самото од себе. Не треба да ги поправаме, освен ако не сакаме да го оштетиме со кршењето на свемирските закони или небесната хармонија и земјата што може лесно да се избегне. Ако ве интересира како, ќе ви објаснам на еден пример.

Ќе бидам кратка. Јас не сум никаков проповедувач. Не секирајте се не ве водам во црква. Сакам само да ви наведам само еден пример.

Постојат некои правила во вселената кои треба да ги познаваме, каку што треба да ги познаваме сообраќајните правила, ако сакаме да возиме автомобил. Кога е на семафор црвено, мораме да застанеме, а кога е зелено смееме да возиме понатаму. Према потреба свртуваме лево или во десно итн. Постои и најголема дозволена брзина на автомобилот. Така, постојат некои основни правила во вселената, во физичката вселена. Надвор од нашиот свет, однадвор на овој физички свемир, не постојат правила, не постоеат воопшто никакви правила. Слободни сме, слободни граѓани, но мораме да ја постигнеме другата страна за да станеме слободни. Така долго додека живееме на овој свет во своето физичко тело, мораме колку ни е можно да се држиме до правилата да не навлеземе во проблеми. И во овој случај нашите возила не ќе се оштетат. И ние ќе летаме побрзо и повеќе без проблеми.

Тие закони се запишани и во Библиата, било да се работи за вашата Христианска Библија или будистичка или индуистичка. Тоа се многу едноставни закони, како на пр: не повредувај го на блискиот, ние не убиваме, Библиата вели "Не убивај"; и знаете ... не смееш да имаш забранети љубавни односи, не кради итн. Исто така не смееш да земеш било какви отрови во кои денеска припаѓаат и дрогите. Веројатно Буда знаел дека ние во 20 век ќе измислиме кокаин и слични дроги, па затоа го забранил користењето на дроги. Под значењето дрога се подразбираат и сите врсти игри на среќа и сето тоа што го прави нашиот дух зависен од физичките задоволства, а ги ослабува душевните настојувања.

Сакаме ли да летиме побрзо, високо и без опасности, тоа се физичките закони како физикалните. Ако научникот сака да лансира ракета во свемирот, тој мора да смета на одредени физикални закони. Тоа е се, зарем не? Покрај тоа, мораме да бидеме повнимателни, бидејќи сакаме да летаме многу повеќе, повеќе од било која ракета и побрзо од било кој НЛТ-а. Но овде има многу повеќе ситници кои би можела да ги објаснам ако ве интересира. Нив ќе ги запознаеме во часот на иницијациата. Сега не сакам да ве оптеретувам со сите заповеди, за кои ќе речете: "Јас ги знам, веќе ми се познати. Сум ги читал во Библиата, Десетте заповеди, нели? Десетте заповеди. "

Многу од нас ги прочитале десетте заповеди за нив не смееме повеќе да размислуваме, или никогаш на вистина не сме ги разбрале. Или можеби сакаме да ги разбереме но ги толкуваме онака како ни одговара, а не онака како се тие вистински замислени. Поради тоа не ќе ни наштети ако понекогаш се подсетиме на нив, и да пробаме да ја потикнеме длабоката цел

на Десетте заповеди. Така на пр. зборува Господ на првата страна од стариот завет: ***Ги створив животните како ваши пријатели, за ваша помош и треба со нив да владате.*** И тога Господ понатаму зборува дека створил храна за животните, за секое животно друга врста. Но не ни рекол да ги јадеме. Рекол: ***Ја створив сета храна, сите растенија по полињата и овошје на дрвата кои се така вкусни и го веселат окото. Тоа нека биде вашата храна.*** Но сепак малку луѓе тоа го почитувавaат. Многу следбеници на Библијата уште јадат месо, а не како што Господ навистина рекол.

Ако направиме едно темелно научно испитување, доаѓаме до сваќање дека човекот не е создаден да јаде месо. Нашиот организам, органите за варење, нашиот желудец и нашите заби се за растителна храна, што е научно докажано. Не е чудно што голем број на луѓе заболуваат од разни болести, брзо converge стареат и чувствуват замор или постануваат троми. И покрај тоа што се родени така сјајни и интелегентни. А од ден во ден се поглупи и со старењето се осеќаат многу полошо. Тоа се случува бидејќи ги оштетуваме своите "возила", своите летачки тела, своето НЛТ. Ако своите возила сакаме да ги користиме посигурно и што подолго, мораме за тоа на прав начин да се грижиме.

Вие сте сите возачи. Ако во резервоарот туриме погрешно гориво, како можело тоа да се случи? Што би се во тој момент случило? Можеби автомобилот ќе вози уште неколку метри и ќе застане. За тоа не може да се обвини автомобилот. Погрешката е наша затоа што сме се забуниле и во резервоарот ставиле погрешно гориво. Или ако во бензинот ставиме вода, автомобилот уште малку ќе оди, но наскоро ќе ги осетиме последиците. Зарем не? Или ако е уљето многу нечисто, а

воопште не го менуваме, моторот уште некое време ќе работи, но наскоро ќе имаме со него проблеми. Понекогаш се случува моторот да експлодира, ако за автомобилот не се интересираме како треба.

Нашето тело е слично како возило кое можеме да го употребеме за летање во вечноста, до високиот степен на научната итрина. Но понекогаш тоа возило го оштетуваме и не го употребуваме со правилна намена. На пр. со автомобил би требале да се возиме многу километри, до својата канцеларија, до пријателите, и на разни места. Но воопшто не водиме грижа за автомобилот, да ли во резервоарот сме ставиле лош бензин, не внимаваме на уљето, не се грижеме за резервоарот со вода, не се секираме за ништо. А тогаш не можеме побрзо да се возиме, ни подолго. Во тој случај едвај успеваме да излеземе од гаражата или се вртиме во двориштето. Јасно е дека така мора да биде. Разбирате? Па на тој начин причината за која сме купиле автомобил нема своја цел. Ние ги потрошуваме парите, времето и енергијата. Тоа е се. Поради тоа никој не е крив, никаква полиција не не казнува. Едноставно поради тоа што без цил ги трошиме парите за автомобил, кога можеме да патуваме далеку и да уживаме во различите краеви.

Слично е и со нашето физичко тело.  Можеме да живееме на овој свет, но да внимаваме да во нашето физичко тело останат инструментите и да сме во можност да летиме во пространствата на другата страна од нашето тело, како што астронаутот седи во внатрешноста на ракетата. Ракетата е неговиот инструмент. Тој мора да внимава да не ги повреди физичките закони, зашто неговата ракета не ќе може да лета брзо и сигурно. Меѓутоа, аастронаутот во внатрешноста е многу

важен! Ракетата го носи до неговата цел. Но ракетата во сето тоа не е најважна, разбирате, туку астронаутот во нејзината внатрешност и неговата цел. А ако ракетата му служи само да полетува околу Long Island, тогаш е едноставно трошење време. Тоа е фрлање пари од целата нација.

Поради тоа нашето тело е драгоцено, затоа што во него е местото на нашиот учител. Поради тоа во Библијата е запишано: ***Знаете ли дека вашето тело е храм Господов и дека Господ е во вас***"", исто така и Духот Свети – тоа е исто. Ако во нашите тела е семочниот Господ или Духот Свети, можеме ли да си замислеме како е тоа многу, многу важно! Но многу луѓе тоа само го читаат и не го разбираат значењето на реченицата, а и не настојуваат да разберат. Тоа е и причината поради кои моите ученици го следат моето учење, тие можат да откријат што се наоѓа во нивната внатрешност, што има на другата страна од овој свет, далеку од секојдневната борба за опстанок, зарадување на пари, штрајкови и сите други работи.

Во своета внатрешност имаме повеќе убавина, слобода и знаење. И кога ќе дознаме за вистинскиот пат, како да ги направиме тие работи поблиски, тие на нас ни припаѓаат, бидејќи се наоѓаат во нашата внатрешност. Единстено не знаеме каде се наоѓа клучот, клучот за куќата која сме ја затвориле одамна и заборавиле дека имаме богатство. Тоа е се.

Поради тоа т.н. учител е оној, кој може да ни помогне да ја отвореме вратата и да ни го покажет она што ни отсекогаш припаѓа. Но, мораме да си земеме време за да влеземе внатре и да испитаме внатре секој дел кои ни припаѓа.

Така, сега во секој случај сме биле во Другиот Свет. Сакате да одиме уште понатаму? (Слушателите одговараат: "Да! Да!") Вие сакате да знаете се, а ништо да не работите? (Учителката се смее.) Но, добро. Барем некој кој бил таму може да ви каже како е во една друга земја и покрај тоа што не сте биле таму. добро? Барем имате интерес, можеби сакате да отидете. Што уште има во другиот свет. Другиот свет уште не сме го доволно објасниле, но, како што знаете, не можеме цел ден да седиме овде. Со обзир на тоа што сте биле во Другиот Свет, можеби имаме повеќе сила. Ако сте одлучиле и работате на тоа ќе достигнете до Третиот Свет. Т.н. Трети Свет, кој се наоѓа на еден повисок степен.

Оној кој ќе успее да дојде до Третиот Свет мора да биде во целост чист, од сите должности према овој свет. Ако сме останале должни на кралот на физичкиот свет, не можеме да продолжиме со качувањето. Како што ни криминалец од било која националност, не може да помине преку граница и да ја напушти земјата се додека постојат обвиненија против него. Должностите према овој свет во себе содржат се што сме го направиле во минатото и сегашноста, а можеби и она што би можеле да го направиме во иднината на својот физички живот. Се тоа мора да се прочисти исто како што при поминувањето преку граница, робата мора да се царини пред него што ќе дојдеме на другата страна од светот. А кога сме во другиот свет, ние почнуваме да работиме на преостанатите карми од минатиот и сегашниот живот. Бидејќи без минатите карми не можеме да егзистираме (постоеме) во овој сегашен живот.

Постојат две различити категории на учители. Едните се без карма, но ја изнајмуваат како би слегле, а другите се нормални

суштества како нас, но со прочистена карма. Поради тоа секој од вас може да постане учител. И понекогаш учителот со изнајмената карма слегува од повисокиот свет кај нас. Како ви звучи – да взајмите карма? (Учителката се смее) Тоа не е можно. Потполно е можно!

На пр. вие пред да дојдете ваму доле, веќе сте биле овде. И вие сте со векови, т.е. стотини години, на разни луѓе сте им давале и од нив земале. И тогаш одете понатаму во небото или во вашето живеалиште кое се наоѓа многу далеку или во секој случај на некој други степен после Петтиот Степен. Петтиот Степен е живеалиштето на Учителот. А после тоа има уште многу повеќе степени.

Кога сакаме повторно да се вратиме од сочувствата или поради некоја задача која ни е зададена како обврска од татко ни – да наведеме само една можност – тогаш од тој степен слегуваме долу. И поради нашата врска со луѓето во минатото, можеме како што знаете да изнајмеме нешто од нивниот кредит, од нивната карма. Само долгови: ништо, ништо добро од тие луѓе не можеме да земеме. Од тие луѓе можеме да ги земеме само нивните задолжувања и тогаш, благодарејќи на нашата душевна моќ, да ги отплачаме долговите се додека не ја исполниме нашата задача на овој свет. Тоа е само друга врста на учител. Постојат луѓе кои се од овој свет и постануват Учители, исто како што се завршуваат студиите. Да. Како што на факултетите има студенти кои дипломираат и после тоа постануваат професори. Постојат професори со долгогодишен стаж и оние кои скоро постанале итн. Тоа е таканаречена врста на учители.

Кога сакаме да преминеме во Третиот Свет мораме и сами потполно да се очистиме од најмали трагови на кармите. За кармата вреди законот : ***Како сееш, така ќе и жнееш***. Нели? Исто како што добиваме портокал кога ќе посадеме портокалово семе или јаболко кога посадуваме семе од јаболка; тоа се така наречени карми. Тоа е на санскритски јазик закон на причината и последицата. Во Библијата изразот карма не се споменува, али во неа пишува; ***Како сееш така ќе и жнееш***. Тоа е исто.

Библијата е скратен облик од она што поучува Учителот, како што и Неговиот живот бил скратена верзија. Затоа нема многу објаснувања во Библијата. Многу верзии на Библијата биле цензурирани, како би се прилагодиле на таканаречените водители на тие движења, кои не биле секогаш на духовно ниво. Вие знаете дека на сите подрачја човекот стално нешто продава и купува. На сите подрачја на човековото делување постојат трговци. Но, ние исто така знаеме дека Библијата, правата Библија, нешто различита, подолга, попрецизна и поедноставна за разбирање. Бидејќи малку можеме да докажеме од Библиата, за тоа не зборуваме зашто луѓето би рекле дека сме неверници. Можеме да кажеме само она што може да се докаже.

Тогаш вие ќе ме прашате: “Ти зборуваш за Вториот, Третиот и Четвртиот Свет. Како тоа можеш да го докажеш”? Можам ли тоа да го докажам? Да, тоа можам да го докажам. Ако дојдете со мене по истиот пат, ќе видете исти работи. Но, ако не сакате да ме следите, не можам да ви дадам никакви докази. Тоа е по природа така. Се осудувам да зборувам за тие работи, бидејќи за нив постои доказ. Имаме стотини и иљади ученици по целиот свет, како доказ за тоа. Така можеме да ги кажеме работите кои ги знаеме. Кога на пр. Сакаме да отидеме на некое одредено

место, но… и вие би морале да појдете со мене. Инаку не би можеле да речете: “Ајде, појди ти за мене таму, кажувај ми за тоа и покажи ми се!” Тоа не можам.

Да не се на пр. наоѓаме овде, во овој простор, на Обединетите Нации, и што да ми вие за тоа кажувате, јас навистина не би го доживела. Зарем не? Поради тоа мораме да одиме со некој кој е искусен водич. Во оваа просторија се наоѓаат и некои од моите ученици од разни националности, кои самите делумично или потполно доживеале некои искуства, за кои ви зборував.

И поради тоа сакам да ви речам дека Третиот Свет во никој случај не е се. Ви зборував само за еден дел од сето тоа. Тоа беше само една врста на патно известување, која опфаќа само еден мал дел од сето тоа, а без многу поединости. Дури и кога читаме книги за некоја земја, тоа не е во вистина таа земја. Зарем не? Затоа и постојат и многу книги за патувања во разни земји на светот, но ние сепак сами сакаме таму да отпатуваме. Зарем не? Ја познаваме Шпанија, Тенерифи и Грција, но само од филмови и книги. Но сепак таму сами мораме да отпатуваме како би во нив можеле да уживаме, да бидеме таму, да ја пробаме понудената храна, да ја видеме морската вода, убавото време и гостопримливите луѓе и да ја запознаеме посебната атмосфера бидејќи тоа не можеме да го доживееме од книгите.

Да претпоставеме дека Третиот Свет веќе сте го оставиле зад себе – Што следува? Секако, се качувате во оној свет кој е еден степен повисок – во Четвртиот Свет. Четвртиот Свет веќе лежи надвор од посебното подрачје. Не можеме да се служеме со вообичаени јазични средства да на лаиците, кои за тоа ништо не знаат им ги објасниме сите работи од тој свет, затоа мораме да

се плашиме да не го повредиме господарот на овој свет. Бидејќи тој свет е прекрасен, покрај тоа што некои негови делови лежат во мрак, поголем од оној кој настанува кога нема струја во целиот Њу Јорк. Дали веќе сте го доживеале овој град потполно без струја? Да! Тамо е помрачно од тоа. Пред да го постигнеме светлото потемно е и од тоа. Тоа е една врста забранет град. Пред да го постигнеме степенот на Божанското знаење, ќе застанеме тамо. Но со учителот, со еден искусен учител можеме да поминеме низ тој простор по инаку не можеме да го пронајдеме патот во тој свет.

Додека поминуваме различити степени на свеста, не осеќаме само духовна туку и телесна и интелектуална промена на сите подрачја на својот живот. Ние сега поинаку се однесуваме према животот; поинаку одиме, поинаку работиме. Дури нашата работа, нашата дневна обврска за нас добива друго значење. Разбираме зашто работиме на тој начин зашто сме ја одбрале таа работа и зашто мораме да ја променеме работата. Ја разбираме смислата на својот живот и поради тоа не сме веќе немирни и нервозни, да! Затоа стрпливо чекаме, исполнети со внатрешниот мир и хармонија да ја довршеме својата мисија на земјата, зашто знаеме каде после тоа ќе одиме. Тоа го знаеме уште за нашиот живот. Поради тоа се зборува за "умирањето за време на животот". Да. Да! Мислам дека некои од вас за тоа веќе чуле, но јас не познавам ниеден учител кој би можел тоа да го изрази на некој други начин (Учителката се смее) но сметам дека радоста на внатрешното искуство мораме сами да ја запознаме.

Тоа е кога некој треба да го опише поимот "Мерцедес бенз". Се работи за исто. Сите оние кои имаат Мерцедес и добро го познаваат, сите тие зборуват за иста работа, но сепак тоа не е

тоа. Иако ви зборувам на потполно обичен јазик, сепак тука не се работи за сосема обични работи и нив мораме да ги пробаме самите низ искреност, сериозна работа и водство. На тој начин е најсигурно. Во еден од милиони случаи може да се случи да успееме и без водство, со опасности, ризик и несигурни резултати.

На некои во минатото им успеало, на пример на Шведенбург. Нему му успеало. Или можеби на Гурдјиефа. Изгледа му успеало да целиот пат, сам го замине. Јас читав некои од нивните дела и немаше никакви опасности и многу тешкотии. Не е можно однапред да се рече, можат ли сите тие да го постигнат највисокиот степен.

После тоа доаѓаат на повисоко ниво. После Четврта доаѓате на Петта. Тоа е куќата на Учителот, сите Учители доаѓаат од таму. Ако и нивното ниво е поголемо и од Петтиот, тогаш тие остануваат таму. Тоа е живеалиште на Учителот. А после тој степен постојат многу аспекти на Господа, што е многу тешко да се разбере. Не би сакала да ве збунам, можеби би било најдобро за тоа да зборуваме некој други пат, после иницијациата, кога ќе бидете добро припремени. Ќе ви речам страшни работи за вашата имагинација. Како тоа понекогаш има погрешни идеи за Господа.

## Прашања и одговори после предавањата

**П:** Вие рековте дека Учител може да даде карма на некој друг човек. Дали е тогаш таа карма избришана за тој човек? Какви се последиците за тој човек?

**У:** Учителот може во секој момент да ја избрише кармата на некој човек. Ако е тоа она што Учителот сака. Кај сите ученици во моментот на иницијациата претходната карма мора да се избрише. Ви ја оставам само сегашната карма, така да можеме понатаму да живееме, зашто можеме одма да умреме. Без кармата овде неможе да се живее. Поради тоа Учителот смее да ја замрзне само отстранетата карма, така да човекот остане чист, нешто од кармата сепак мора да остане, така да тој може и понатаму да живее и да направи она што во својот живот мора да направи. И после тоа е готово. Поради тоа тој може да отиде, како поинаку би можел да се подигне? Дури и ако во овој живот е чист, како чист? А што е со претходниот живот, разбирате?

**П:** Што е целта на вашата пракса?
**У:** Што е целта? Зар тоа не сум ви рекла? Да отпатуваш на другата страна на овој свет, да стигнеш назат во Кралството Господово, да ја Запознаеш својата итрина и уште во овој живот да постанеш подобар човек.

**П:** Дали постои карма во сите светови?
**У:** Па, не во сите, само до Вториот Степен, Зашто нашиот ум, нашиот мозок е компјутер, кој е “изработен” на ова Друго Ниво. Ако го преминуваме целиот пат од многуте степени до физичкиот степен, за да речеме, нешто би работале. Зарем не? На пример и Учителот со Петтиот Степен се спуштал долу до физичкиот свет. Тогаш морал да замине покрај Вториот Ниво, да го земе тој компјутер и да го приклучи, за да во овој свет работи. Како што нуркачот нурка во море. Тој мора да припреми маска, кислород итн. Ако и самиот не изгледа смешно - кога ќе ја стави маската и нуркачкото одело – знаете, тој изгледа како жаба. Така и ние понекогаш изгледаме со тој

компјутер и физичките недостатоци. Инаку сме апсолутно фантастични. Исто така, ако сега мислите дека сте убави, меѓутоа вие сте грди во споредба со она какви навистина сте, поради целата опрема која мораме да ја носеме за да длабоко нуркаме во овој свет и да работиме.

Нели, кога ќе го напуштеме Вториот Степен и се качуваме према горе, тогаш нашиот компјутер мораме да го оставиме тука, бидејќи тамо горе веќе не ни треба. Исто како и нуркачот кој дошол до плажата и ја тргнал нуркачката маска и одело и сега повторно изгледа како порано. Во ред? Добро.

**П:** Рековте дека на крајот на Другиот Свет, пред да почнеме да се качиме, кармата мораме да ја оставиме зад нас. Да ја избришеме или да ја исчистиме. Дали тоа се однесува на сета карма од минатиот живот со кој сме дошле на овој свет?

**У:** Да, и затоа што не постои “компјутер” кој било што памти. Ние имаме карма бидејќи го имаме тој компјутер, памет, мозок кој е создаден да забележува секое искуство во овој физички свет. Затоа го имаме. Тука забележуваме добро и лошо. Тоа го нарекуваме карма. Што е тоа карма? Едноставни искуства, добри и лоши, нашата реакциа, нашето научено искуство во многу животи. И поради тоа што имаме тн. Совест знаеме дека треба да правиме добро, а сепак правиме лошо. Поради тоа, тоа го нарекуваме карма. А лошите работи не оптеретуваат како ѓубре, или како роба; поради законот на земјината тежа не влечат према долу, ни го отежнуваат патувањето према врвот. Голем е бројот на моралните дисциплини, правилата, многу обичаи и навики кај различити нации, кои не поврзуваат со тн. прикажување на доброто и лошото, за гревовите и невиноста. Во секојдневната соработка со луѓето од овој свет доживуваме добро и лошо, грев и праведност, зависно од обичаите и

навиките на одредени народи и народните закони. Ни преминува во навика да така мислеме, да така работиме, криви сме; тоа го правиме, лоши сме луѓе. И сето тоа овде е забележано. Поради тоа се преселуваме и се врзуваме за овој физички свет или за нешто повисок свет. Не доволно висок. Не сме доволно слободни, доволно лесни, за да би можеле горе да лебдееме. Поради сите тие прикажувања или предрасуди.

**П:** Дали при раѓањето ни е одредено, да во секој живот постигнеме одреден степен?
**У:** Не, имаме слободна волја, да трчиме побавно или побрзо. На пр.:кога во автомобилот "танкаме" сто литри бензин. Со тоа можеме да возиме брзо или бавно и така побрзо да дојдеме до целта, или да возиме полека, тоа зависи од нас.

**П:** Сакам да ве прашам, на кој степен се наоѓаат анѓелите?
**У:** На кој степен? Тоа зависи од врстата на анѓелите.
**П:** Анѓелите чувари.
**У:** А, анѓелите чувари можат да дојдат до Вториот Степен. Анѓелите се под луѓето, помалку се успешни. Тие се тука да ни служат.
**П:** И тие никогаш не достигнуваат повеќе.
**У:** Не, освен ако можат да постанат човечки суштества. Сите тие многу им завидуваат на луѓето, бидејќи во луѓето е Господ. Ги имаме сите можности да постанеме едно со Господа, а анѓелите таа можност ја немаат. Се е тоа комплицирано. Ќе зборуваме за тоа во една друга прилика.

Тие се создадени да ни користат, исто така постојат различити врсти на анѓели. Нив Господ ги создадол за да ни служат. И ние им требаме… Тие не мораат да одат понатаму. Но

тие тоа би можеле. Понекогаш нешто се создава без можност да се напредува.

На пример, во вашата куќа некои работи се создадени за ваш комфор (удобност). Иако е тоа невероатно. На пример, седите овде и можете да го приклучете и исклучете светлото во целата куќа и во вртот, можете да ја приклучете и исклучете телевизијата, тоа вие сте го измислиле за да ви служи. И тоа во некои работи е повеќе супериорно него вие, бидејќи е тука и се контролира, а вие тоа со својот труд не можете да го постигнете. Но тоа не значи да е подобро од вас. Тоа е тука со единствена намена за да ви служи. Но и ако е подобро од вас, тоа сепак не е. Добро! Во ред. Компјутерот никогаш неможе да биде човечко суштество.

**П:** Учителке Чинг Хаи, ова што ќе ве прашам сакам да го знаам, бидејќи сега сме телесни. Дали е можно да сме паднале после тоа што сме порано биле ослободени од ова тело? Дали одсекогаш сме биле во ваква состојба или порано сме биле во некоја подобра или баш во оваа состојба. Како може побрзо да се напредува?

**У:** Да го напуштате телото и да напредувате? Да тоа е можно кога знаеме како. Постојат многу разни методи и да се напушти телото и да отидеме од овој свет. Некои не стигнуваат далеку некои пак стигнуваат многу далеку, а некои доаѓаат до крај. Према споредбите од различити истражувања кои ги правам од својата младост. Иако од секогаш изгледам млада, тогаш, знаете, навистина сум била млада. Оваа наша метода е најдобра, да! Тоа не доведува најдалеку, најдалеку се до крај.

Постојат многу други методи, а кога ќе одлучите да ги испробате, можете да одберете. На пазарот ги има многу: некои водат во астралниот свет, некои и подалеку во Третиот или

Четвртиот Свет, али малку ги има оние кои водат до Петтиот. Нашата метода се состои во тоа да ве води до Петтиот Степен, а после тоа сте слободни. Можете да одете сами. После тоа можеме да се приклучеме на еден други божански аспект, после Петтото Ниво, но тоа не е секогаш пријатно.

Секогаш сметаме "што повеќе, тоа подобро"; но, тоа не е секогаш така. На пр. Да дојдеме во некоја прекрасна палата и господарот да не повика во својата соба. Таму седиме, не части со ладен пијалок, вкусно јадење итн. И тогаш помислуваме да би можеле да влеземе понатаму во куќата и да ја разгледаме. После би можеле да влеземе во просториите за ѓубре и во останатите слични простории. Тоа не е секогаш важно. Исто е и со генераторот, знаете, доаѓаме до генераторот одма позади куќата и таму не убива струја. Поради тоа не е секогаш потребно или препорачливо да одиме понатаму, а ние тоа можеме да го направиме едноставно само да доживесеме авантура.

**П:** Ќе поставам две прашања. Прво е: Од кој свет доаѓа сеќавањето на минатиот живот, ако човекот се сеќава на тоа? И второ: Во каков однос се минатиот живот, сегашната карма и сегашното разбирање. Дали се тие дел од "вишокот на багажот"?

**У:** Да, да тие се тесно поврзани. Првото прашање беше од каде доаѓа минатата карма? Сосема е сигурно дека можете да ги читате белешките од минатиот живот. Да. А белешките од минатиот живот, како што ви реков, потекнуваат од акаша белешките. Да. А тоа е врста на библиотека во Вториот Свет, која е отворена секому кој може таму да стигне. Не може секој да стигне во библиотеката на Обединетите Нации и да влезе во неа. Но јас на пр. тоа можам денеска, бидејќи сум овде повикана

да одржам предавање. Зарем не? Не може секој да влезе ваму, но вие можете бидејќи овде сте дома. Исто така кога ќе го најдеме патот во Второт Свет, ние сме во можност да го читаме минатиот живот. Исто така, ако имаме пристап во Првиот свет, барем во негови делови, тогаш можеме да видеме нешто од минатиот живот на некоја личност. Но тоа не е доволно високо и не е потполна белешка.

Каков е односот меѓу тоа искуство на минатиот живот и сегашната карма? Можеме да речеме дека се тие искуства кои сме ги стекнале, за да можеме да го совладаме сегашниот живот. Тоа што сте го собрале во минатиот живот се применува во сегашниот. На исти начин би можеле да ве уплашат многу незгодни искуства од минатото, кога ќе забележете дека вашиот живот е сличен на минатиот. На пр. да сте се во минатиот живот лизнале на скалите и паднале, сосвен случајно во темница, дека сте се тешко повредиле и никој не ви дошол во помош. И сега кога слегувате по скалите, се плашите, нарочито кога се мрачни и високи, вие се двоумете дали да тргнете понатаму или не. Или да сте во минатиот живот веќе студирале и потполно сте го испитале некое научно подрачје. Во овој живот тоа се уште би ве интересирало. Тоа научно испитување се уште ве привлекува, и покрај тоа што не сте научник. Нешто сте слично.

Поради тоа Моцарт бил гениј уште кога имал четири години. Седнал за клавир и постанал славен. Се до сега, бил гениј бидејќи вежбал во многу претходни животи, додека не постанал мајстор, а тогаш умрел. Пред да го постигне врвот на кариерата умрел и едноставно не бил задоволен да оди само така да ја прекине кариерата, бидејќи ја сакал музиката. Поради тоа се вратил назад и сето негово стекнато искуство од претходниот музички талент му се вратил, бидејќи негова желба е повторно да се врати, а била уште поголема откако умрел.

Некои од тие луѓе научуваат многу за Астралниот Свет или за Вториот Свет пред да се повторно родат во овој свет. Оттука им е таа голема дарба за наука, музика, книжевност или некое истражување, кои другите луѓе воопшто не ги разбираат, дури не сонуваат дека можат да ги постигнат. Научиле, бидејќи ги виделе.

Постоеат две врсти на учење во овој свет или во другата страна на светот. Оние кои се надарени и одлични, како гении, тие се специалисти од оној свет (Астрален свет) од Вториот, а понекогаш и од Третиот Свет, ако одлучат да се вратат назад. Тие се посебни т.н. гении.

**П:** Како изгледа Вашата иницијација, како изгледа дневната пракса?

**У:** Прво, тоа ништо не чини и не е одговорно, освен тоа што би требале самите да се чувствувате одговорно, ако сакате понатаму да напредувате. Така тоа се условите. Знаење пред тоа не е потребно. Пред знаење за јога или некоја медитација не е потребно. Но цел живот морате да се храните само вегетаријански: без јајца; млеко и сирење може. Во ред е сето тоа при што нема убивање.

Јајцата не се дозволени, бидејќи голем дел се работи за убивање, дури и кога не се оплодени. Освен тоа привлекуваат негативна енергија. Знаете, поради тоа оние кои се занимаваат со црна и бела магија или следбениците "voodoo", т.н. вуду, употребуваат јајца, да би со нивна помош од опседнатите (маѓепсаните) луѓе извлечат духови. Го знаете тоа или не? (Некои одговараат: “Да!“) Знаете? Тоа е добро. Така барем од вас имам моментална потврда да разбирате, кога веќе немам моментална просветленост. (смеење)

За време на иницијацијата се доживува Божја светлост и звук. Музиката на духот не воздигнува во поголеми сфери на свеста. Ќе го разберете вкусот на самадхи – длабокиот мир и радост. И после тоа ќе продолжите да вежбате и дома ако ве интересира тоа. Ако не ве интересира, тогаш не можам да ве присилам и не ќе ви сметам повеќе. Ако сакате да одите понатаму и да ви помогнам на тој пат, тогаш ќе продолжам. Ако не сакате тогаш може вака, два и пол часа дневна медитација. Станите рано, пред спиење медитирајте два часа, а во пладне отприлика пола час. Кога не сум тука да ви зборувам, имате еден час за ручек. За тоа време можете негде одвоено да медитирате. Тоа е веќе еден час. А навечер уште еден или пола час. Рано станите, еден час порано.

Средете го животот подобро, помалку гледајте телевизија, помалку зборување и телефонирање, помалку новини и тогаш ќе имате повеќе време. Да, имаме многу време но понекогаш го трошиме бескорисно. Како да возиме автомобил во двориштето, наместо до Лонг Исланд. Дали сте задоволни со овој одговор? За вас нема повеќе услови, освен да вежбате до крај на животот. И од ден во ден ќе осеќате подобрување и разни чуда во својот живот – не зата што тоа го сакате. Тие во секој случај ќе ви се случуваат. И тогаш навистина на земјава ќе го пробате небото, ако тоа го сакате. Поради тоа стотини иљади мои ученици постануваат мои следбеници уште многу години, бидејќи доживуваат се подобри и подобри искуства, затоа што го сакаат тоа и затоа што вежбаат.

**П:** Ве молам објаснете го карактерот на свеста?

**У:** Карактерот на свеста, добро. Тешко е да го објасниме но вие можете да го употребите својот интелект за тоа да го прикажете. Тоа е една врста итрина, како кога нешто знаете

подобро него претходно, и разбирате многу повеќе од што сте разбирале порано. Да, знаете нешто надвор од овој свет и нешто во овој свет што не сте знале порано. Тоа е свест.

Исто така кога ја отворате таа свест или т.н. итрина, тогаш ќе разберете кои сте и зашто сте овде и што постои надвор од границата на овој свет. Постоат многу повеќе нивоа на свеста, врсти на различити степени на разбирање, како кога човекот завршува некоја школа. Што повеќе учи, повеќе знае, се до дипломата.

Тешко е да се објаснува нешто така апстрактно, но сепак сум го пробала. Тоа е една врста свесност. Свесноста може тешко да се објасни. Кога ќе постигнеме различите нивои на свеста, тогаш и вашата свесност е поинакава. Работите ги гледате и осеќате поинакви. Се осечате апсолутно задоволни, смирени и благословени. Грижите нестанале, а работите во секојдневниот живот постануваат многу јасни. Во состојба сме да се соочиме со животот и подобро да ги поднесеме проблемите. Тоа веќе на телесното ниво ни дава предности. А она што го осеќаме во себе – само на нас ни е познато. Тешко е тие работи да се објаснат. Тоа е како кога ќе се ожениме со девојка која ја сакаме и тоа што го осеќаме само ние го знаеме. Никој не може да го осети наместо нас.

**П:** Почитувана Учителке, ви благодариме за погледот кои ни го овозможивте. Ме интересира дали вие би сакале да се обратите на она што се наоѓа во мојата совест. Зашто денеска различни Учители ни овозможуваат да учеме така брзо она што во минатото било толку тешко? Можете ли нешто да ни речете за тоа?

**У:** Да, нормално. Денеска комуникацијата е подобра. Така знаеме многу повеќе за Учителите, не е вистина да Учителите во

историјата не постоеле, или да не било можно до нив да се дојде. Точно е, секако дека се одредени Учители попристапни. Све зависи од нивниот избор, од неговата спремност да дава или од неговата блискост со луѓето. Али во секое време има еден, два, три, четири, пет Учители. Зависно од потребите на времето. Денеска сме свесни дека постојат толку Учители, можеби Учители на различити степени, бидејќи сме денеска во можност да располагаме со разни медии: телевизија, радио и книги кои се штампаат во милиони примероци во кратко време.

Во минатите времиња кога сме сакале да штампаме некоја книга, прво сме морале да исечеме стабло, потоа да го обработиме со примитивни секири, кои покасно се распаднале и не можеле да се употребуваат, после тоа со камен и други алатки дрвото се обработувало, за на крај да се оцртува еден по еден збор. Да се пренесе една збирка на Библија, била потребна цела колона на големи камиони. Така знаеме за многу Учители.

Да, среќни сме и многу е добро да имате – можете да купете, да изберете, тоа што го, сакате. Поради тоа никој не може да ве лаже и да ви рече: "Јас сум најдобар." Да, вие можете да разликувате и со својата итрина и интелигенција да одлучете: "Овој изгледа грозно". "А овој - грдо". (смеење)

**П:** Бидејќи зборувате за купување, дали вие би иницирале некого, кого веќе го иницирал некој други Учител?
**У:** Тоа би го направила ако тој човек верува дека јас ќе го донесам до повисок степен. Во спротивно е подобро да останат кај својот Учител, ако човекот чувствува блискост и верба према него. Ако верувате дека е вашиот Учител најдобар, тогаш немојте да го менувате. Ако се уште се двоумете и уште не сте доживеале Светлина и Звук за кои зборувам, тогаш би требале да пробате. Да, Светлоста и Звукот се стандардни мерки за

правиот Учител. Иако тој не е во можност да ви даде на момент Светло или Звук, тогаш не е прави Учител, жал ми е. Патот према небото е опремен со Звук и Светло.

Исто како кога нуркате, морате да бидете опремени со маска за кислород и др. Постојат различни опреми за различни намени. Поради тоа на Светите ги гледаме со ауреола. Тоа е тоа светло. Кога ја применувате оваа метода, вие ослободувате иста Светлост, која е забележана на сликите Исус со аура и луѓето можат да ја видат. Ако е човекот духовен тогаш може да ја види вашата светлост. Поради тоа и Исус е нацртан со ауреола, како и Буда кој е опколен со светлост. Можеме да ги видеме и учениците, практикантите на високиот степен со таа Светлост, ако сме за тоа отворени. (Учителка покажува во своето чело) Многу луѓе се во можност тоа да го видат. Дали тоа некој од присутниве го видел? Да? Што сте вие виделе?

**П:** Па, можам да видам аури, аури ...

**У:** Да, аурите се поинакви од Светлоста. Аурите се со разни бои, понекогаш црни, понекогаш боја на кафе, а понекогаш жолта или црвена. Тоа зависи од темпераментот во одреден период. Но кога ќе видеме човек со јака духовна аура, знаеме дека е тоа нешто друго. Дали е така?

**П:** Немам некое право прашање, меѓутоа јас сакав само да речам дека некое време сум применувала раја-јогу. И мислам дека сум видела аури. Но во тоа време, за тоа не сум многу знаела, разбирала.

**У:** А сега веќе не ја гледате? Ја гледате само понекогаш?

**П:** Не,сега повеќе не медитирам.

**У:** Аха. Затоа сте ја изгубиле силата. Би требало повторно да медитирате. Ако се уште верувате во тој пат тогаш треба да

медитирате. Тоа ќе ви помогне до еден одреден степен. Не ќе ви штети. Добро?

**П:** Во вашата книга сум прочитала дека постојат пет правила. Кога е човек иницирен, мора ли тогаш да живее придржувајќи се на тие пет правила?

**У:** Да, да, да. Тоа се законите на вселената.

**П:** Не го разбирам оној дел за погрешното сексуално однесување.

**У:** Тоа значи ако имате маж, не смеете да размислувате за некој други маж. (смеење) Тоа е многу едноставно. Живеете едноставен живот, без компликации и карачки поради чувствата. Да, тоа ги навредува чувствата на другите луѓе. Не смеме да штетиме на другите луѓе, дури ни емоционално. Тоа е поради тоа. Да пробаме да ги избегнеме кавгите, емоционалните маки, физички и ментални – со секого, нарочито со оние кои ги сакаме, тоа е се.

Ако веќе некого имате, не кажувајте му ништо за другиот. Повеќе ќе болува ако му кажете. Полека и тивко завршете со него и не признавајте ништо. Бидејќи луѓето понекогаш мислат кога имаат љубовна афера, треба одма да отидат дома и да му признаат на мажот или на својата жена, и да е тоа добро и поштено. Тоа е глупо. Тоа не е добро. Веќе е направена грешка, зашто дома да донесеме ѓубре да и другите малку "уживаат"? Ако партнерот за тоа не знае не ќе биде повреден. Вистината боли. Поради тоа треба да пробаме да го решиме проблемот и повеќе тоа да не го правиме. Подобро е за тоа да не зборуваме со партнерот, бидејќи тоа му носи бол.

**П:** Приметив дека многуте спиритуални Учители се духовити. Каков е односот меѓу хуморот и духовните вежби?

**У:** Мислам дека се тие едноставно среќни и опуштени, без грижи на срцето. И можат да се смеат на свој и на нечии рачун; да се смеат на смешните работи во животот, на работите кои другите луѓе ги сфаќаат многу сериозно и кои ги оспоруваат.

После краткото практицирање постануваме пуслободни, ништо повеќе не разбираме така сериозно. Ако утре умреме, ќе умреме; ако сме живи, ќе живееме. Ако сме се изгубиле, изгубивме; ако имаме се тогаш имаме. После просветлувањето постануваме итри и способни да во секоја ситуација паземе на себе. Поради тоа не ни е повеќе страв од ништо. Го губеме стравот и тежината. Поради тоа постануваме опуштени, се осеќаме слободни од овој свет. Што да добиеме или изгубеме, тоа не ни значи ништо. Ако многу добиеме, тоа само им користи на другите бидејќи ние даваме; или тоа им користи на оние кои ги сакаме. Инаку себе си и својот живот не го сметаме толку важен, да минуваме низ сите борби и маки како би го сочувале. Ако го сочуваме, тогаш е во ред. Тоа не значи по цел ден да седиме на креветот со шајки и медитираме. Но ние работиме.

Јас на пр. се уште работам. Цртам и работам рачни работи за да заработам за живот. Од никого не сакам да добивам прилог во пари. Но јас доволно заработувам за да можам и на други да им помагам. Можам да ги помагам на бегалците, жртвите на катастрофите итн. Зашто да не работиме? Кога имаме голем талент и големи способности, животот ни е толку лесен после просветлувањето, така да повеќе не се грижеме за ништо. Едноставно се опуштаме. Од тоа тогаш настанува осет за хумор. Мислам дека е тоа така.

Дали вие сметате да сум духовита? (Од публиката: "Да." Смеење и аплауз) Тогаш можеби и јас сум таков Учител, зарем не? (смеење) Да се надеваме поради вас дека е тоа така, да не

морате да седите два часа овде слушајќи непросветлена личност и да губете време.

**П:** Прашањата кои како трагачи на душата, секогаш поставуваме слушаме теории и раскази, така би сакала да знам што вие кажувате за тоа. Првото гласи: Кои сме ние? Кој сум јас? И како сум дошла во ситуација да се вратам дома? Зашто сум го оставила својот дом, зашто е важно повторно да се вратам дома? И вие за тоа зборувате, за враќањето во Петтото Царство, и да не е потребно да човекот оди понатаму. Но ако постои нешто повеќе од тоа, во што е смислата на сето тоа? Какви врски има тоа со мене, ако не е потребно таму да се вратам?
**У:** Сега постанува радосно. (смеење и аплауз) Добро. Прашајте "Кој сум јас?" можеш да поставеш едно прашање на Зен-учителот кои во државата Њу Јорк ги има доволно. Можеш едноставно да ги побараш во телефонскиот именик и да одбереш некого. (смеење) Во тоа не сум стручњак.

И второ прашање "Зашто сте тука?" Можеби зато што тука ви се допаѓа. Кој поинаку може да не присили да бидеме тука, кога сме ние Господови деца. Таканаречена Господова деца се како и Господ сам. Зарем не? Принцот е сличен на кралот, повеќе или помалку или пак на идниот крал. И поради тоа ќе биде таму каде сака да биде, таму каде му се допаѓа. Во секој случај, на нас самите ни е дозволено да слободно одлучеме, сакаме ли да бидеме на небото или на друго место, и сами да испробаме. Веројатно вие пред многу години сте одбрале да на почетокот бидете тука за да би нешто научеле, да доживеете авантура или нешто ежовито. Некои луѓе сакаат ежовито искуство.

Принцот, на пример, може да остане во дворецот, но може и да лута низ прашумата, бидејќи можеби со задоволство ја истражува природата. Тоа може да биде да речеме така. Може да биде и да ни е многу досадно, досадно на небото, бидејќи се веќе било спремно и послужено до нашите врати и да самите ние сме сакале за себе да направиме нешто. Како на пр. во кралското домаќинство: понекогаш кралевите посакуваат сами да куваат и да ја испратат послугата од кујната. И после сите се извалкани од кечапот и маслото, али тие тоа го сакаат. Не доликува на кралско, но тие сакаат.

На пр. имам луѓе кои ме возат. Било каде да одам секогаш наоѓам луѓе кои со задоволство ме возат. Но понекогаш и сама посакувам да возам. Се возам на својот мал велосипед со три тркала, електрични, без испуштање на плин – десет километри на час. Со задоволство го возам. Затоа што било каде да појдам луѓето ме приметуваат и така понекогаш посакувам да отидам некаде кај што никој не ме познава. Многу сум осетлива освен кога морам да држам предавања, бидејќи тоа постанува една врста на обврска, откога луѓето ме откриле и направиле позната, неможам често да побегнам, но понекогаш тоа и го правам, знаете, на два или три месеци. Како размажена жена која го остава на супругот. Тоа е мој избор.

И можеби сте во еден момент одлучиле, некое време да останете овде. Или пак сега е време сакате да одите, бидејќи на овој свет доволно сте научиле и чувствувате да нема веќе ништо што сакате да научете и да сте уморни од патување. Сакате да се одморите. Одете дома и како прво одморете се. И тогаш ќе видете сакате ли уште еднаш да тргнете на едно авантуристичко патување или не. Тоа е се што сега можам да виречам.

А зашто морате да се вратете дома? И зашто Петти, а не Шести Свет? Тоа е препуштено на вас. После Петтиот Степен

можете да одите каде ќе посакате. Постои уште многу нивоа над него. Но неутрално е и попријатно е да останеш овде. Некако е пренапорно горе. На некое време можете да отидете таму, ако не сакате да се одморите.

На пр. вашата куќа е убава, но постоеат други делови на куќата кои се наменети за одмор, но вие не сакате таму да се одмарате за секогаш, иако тоа е позади вашата куќа. Има поглед на брег кои е висок и убав, но тоа не е место за одмор. Или просторија каде се наоѓа генераторот во вашата куќа – таму е бучно, врело и опасно. Таму не сакате да бидете, иаку тоа е многу корисно за вашата куќа. Тоа е се.

Постојат многу Господови аспекти кои не можеме да ги замислеме. Секогаш размислуваме да со секое ново ниво се зголемува и количина на љубов. Но постојат разни врсти на љубов. Постои силна љубов, јака љубов, нежна љубов и неутрална. Со склад на тоа колку можеме да поднесеме, Господ ќе ни даде различни нивоа на љубовта. Точно. Различни нивоа ни даваат различни степени на Божја љубов. Но понекогаш таа е прејака и се чувствуваме распарчени.

**П:** Околу себе гледам толку уништувања – уништување на околината. Суровост према животните. Се прашувам, како вие тоа го гледате и што им предлагате на луѓето кои на спиритуален начин пробаат да се ослободат од овој свет, за да полесно излезат на крај со својата околина и со сите тие уништувања кои се случуваат околу нив? И дали верувате дека ни е доволно да излеземе од овој свет за да разбереме што оставаме зад себе, или сметате да ние на оваа равнина сме принудени да ја ублажеме маката? И дали тоа ќе помогне?

**У:** Ќе помогне. Сака. Барем на нас, на нашата совест, да осетеме да сме направиле многу повеќе што сме можеле да ја

ублажиме маката на нашите најблиски. Јас тоа исто така го работам. Било што да ме замолите, тоа ќе го направам. Тоа сум го работала, тоа работам и ќе го работам.

Веќе сум ви рекла да нашите финансиски средства одат за разни организации, понекогаш и во разни земји кога се случуваат катастрофи. И не сакам да се фалам со тоа, но бидејќи прашавте и поради пример, минатата година сме помогнале на Филипини после вулканската ерупција на планината Пинатубо. Им помагавме на жртвите од поплави од Ау Лаца, во Кина итн. И сега пробаме да им помогнеме на избеглиците од Ау Лаца, заедно со Обединетите Нации. Но пробаме да им помогнеме со парична подршка, а ќе можеме да ги преселиме, кога ќе добиеме за тоа согласност од UN – со нивна благослов.

Да, работиме се што вие барате и бидејќи сме тука, можеме во онаа мера во кои се нашите можности, да ја чистиме нашата околина. Поради тоа им помагаме на оние кои се мачат и го подржуваме моралниот стандард на светот, духовно како и физички. Да. Бидејќи некои луѓе не сакаат да ја земат мојата спиритуалност. Ја сакаат само физичката помош, поради тоа физички им помагаме. Тоа е она што работиме и поради тоа мораме да заработуваме пари. Поради тоа не сакам да живеам од донации.

Сите мои редовници и мои ученици мораат да работат како и вие. А без обзир на тоа, уште помагаме и духовно, им помагаме на оние кои се мачат во светот, помагаме да ги смалеме маките на светот. Тоа мораме да го правиме. Тоа не значи дека цел ден треба да го проведеме во самадхи и да уживаме. Тоа е многу себичен Буда (просветлено суштество). Таквиот не го сакаме овде.(смеење)

**П:** Зборувате за едно ниво на кое постануваме свесни да располагаме со моќтта, која потекнува од таа свесност. Што ако е човекот свесен за таа моќ, не знае дали ја има, но е свесен за тоа? Можеби се чуствува како вас. Како им тогаш пријдува или не им пријдува? Ако не може да им пријде, како тогаш не постанува нестрплив према она што му се секојдневно случува? Кога гледаме дека се околу нас оди по својот пат и знаеме да треба само да се молиме или да работиме нешто друго за да пронајдеме едно подобро и побрзо решение? Што значи тоа, како некој да му се приближува со благослов да се добро заврши. Разбирате ли што мислам?

**У:** Разбирам, разбирам. Вие мислете, ако имаме моќ да ги менуваме работите, ако се оди бавно и бирократски, може ли тогаш да бидеме стрпливи сето тоа да го издржиме. Зарем не? Или само да се молиме или да правиме некакви маѓии или да го испружеме прстот и да го стиснеме тоа. Зарем не? Не, јас имам стрпливост бидејќи ние мораме да работиме и да одиме во чекор со овој свет за да не настане хаос. Да.

На пр. некое дете не може да трчи. И само поради тоа што ви се брза или сакате да потрчате не ќе го оставете детето да се сопне и да падне. Меѓутоа мораме да бидеме стрпливи. Иако имаме сила да побрзаме, мораме да одиме покрај детето. Да. И јас сум поради тоа исто понекогаш фрустрирана и нестрплива, али и самата морам да вежбам стрпливост. Поради тоа морам да одам од еден до други преседник и да го молам за помош за бегалците, иако сакаме да ги ставеме на располагање нашите финанциски средства. Би дале се што имаме, сите милиони, дури и милијарди долари, мораме да заминеме низ таа бирокрација. Дајте му Цезару, Цезарово.

Не би ја тресела главата или пак опирала со прстот во UN за да ги поттикнам да реагираат. Не, не, кога на овој свет

употребуваме психичка сила, маѓија, тогаш предизвикуваме катастрофи. Се мора да оди по својот пат. Но ние можеме да ја зголемеме свеста на луѓето со помош на душевното зацелување, со помош на духовната итрина и разбирање. Да им пренесеме знаење, да сакаат тоа да го направат, да сакаат заедно да работат. Тоа е најдобар пат, а не применувањето на магичната моќ. Јас ни во кој аспект на животот намерно не употребувам магична моќ. Но чудата сами се случуваат кај оние кои практикуваат духовни вежби. Тоа е природно, али не се случува намерно, само ништо не правите на сила. Да, тоа не е добро. Детето се уште не може да трчи. Во ред? Дали сте задоволни со мојот одговор?

Ако моите одговори не ве задоволуваат, кажете, така да можам подобро да ги објаснам. Но знам дека сте вие многу интелегентни, бидејќи сте најодбрани и најинтелегентни луѓе од сите народи. Поради тоа не ќе ви објаснувам во целост.

Добро е да постојат Обединети народи, морам тоа да го речам. Да, да. На тој начин одбегнуваме многу војни и нереди во светот, дури кога не можеме да ги одбегнеме во целост. Но прочитав во вашата книга за Обединети нации. Сите ние сме обединети народи. И пратив нешто од работата на Обединетите Нации. И морам да ги пофалам за нивните настојувања и нивните успешни спасување на заточениците кога никој повеќе не можел да помогне, кога целата светска моќ била без дејства, а еден чиновник на Обединетите Нации во тоа успел. Да и многу работи, како што се катастрофите и избегличките проблеми.

Сум чула дека сте вие должни за околу 12 милиони избеглици. Зарем не? Тоа е многу работа, ратовите и се друго. За тоа е добро што постојат Обединетите Нации. Да, многу е добро.

**П:** Учителке Чинг Хаи, ви благодарам што својата итрина ја делете со нас. Имам едно прашање. Се однесува на демографска експлозија и проблемите кои настануваат со неа, а тоа се уништувањето на човековата околина и порастот на прехрамбените проблеми. Дали сакате нешто да кажете во врска со демографската експлозија? Дали е тоа кармата на светот? Или тоа во иднината ќе создаде одредена карма?

**У:** Па, да има повеќе луѓе на овој свет,исто така е добро. Зашто да не? Малку поголема гужва, бука и повеќе забава. Зарем не? (смеење) Не сме на вистина пренаселени. Само не се населуваме подеднакво секаде. Луѓето се гураат во некои подрачја во светот и не сакаат да одат на други места. Тоа е се. Постојат голема подрачја на недодирната природа, кои никогаш не се користени. Многу недодирнати острови, многу гори, каде има зелени шуми и друго. Да, луѓето се собираат во Њу Јорк на пр. (смеење) бидејќи овде е поинтересно. Бидејќи ако е некоја влада или било која влада во состојба да отвори работни места, индустрија и разни можности на вработување на разни места, тогаш луѓето би оделе таму да работат. Тие се гураат на некои места бидејќи е таму полесно да се најде работа и сигурност која и на тие други места би била сигурност и можност за вработување, луѓето би оделе таму. Тие бараат сигурност, извор на средства за живот. Тоа е сосвен природно.

Поради тоа не мораме да се плашиме од пренаселување. Би требало на луѓето да им се осигура можност за вработување, живеалиште и сигурност. Тогаш секаде би било еднакво. Никогаш не би било пренаселено.

Што се однесува на вашето прашање во врска со исхраната, тоа вие треба подобро да го знаете. Бидејќи во Америка многу се знае за тоа како да се сочува светот. Вегетаријанска исхрана е еден од најдобрите начини да се сочуваат светските ресурси, да

се исхрани целото човештво. Бидејќи ние трошиме многу вегетаријанска храна, енергија, електрична енергија, медицински средства за да ги одгледаме животните. А со сето тоа директно може да се исхрани човечанството. Многу земји од третиот свет продаваат вегетаријанска храна богата со белковини по многу ниски цени. Но тоа не им помага на другите народи во светот. Ако храната подеднакво ја поделиме, а во тоа ќе помогне и вегетаријанската исхрана, не само за нас, не само за животните, туку и за целиот свет.

Во едно научно списание пишуваше кога би сите биле вегетаријанци, на светов не би имало повеќе гладни. Тоа мораме само да го организираме. Познавам личност која може оризот да го преработи во јадење, дури и во млеко. Сум зборувала за тоа. Тој кажува дека на тоа потрошил околу 300000 долари, и со тоа може да исхрани 600000 луѓе во Цејлон – сиромашни, недоволно исхранети, мајки итн. Тоа било фантастично. Бидејќи во многу делови на светов расипувачки се однесуваме према природните ресурси, не е вистина да немаме доволно. Господ не ќе не ставелваму да умреме од глад. Меѓутоа, сами се изгладуваме.

Поради тоа мораме одново да размислеме, да се организираме, а тоа бара благослов на владите од многу народи. Мораат да не благословат со своето апсолутно почитување, чистота, дигнитет и со желба да им служат на другите луѓе, а не сами себе си. Со благослов на владите од сите тие земји, не би имале повеќе никакви проблеми.

Ни требаат само добри владари, добра економска организација, талентирани управители и поштена влада. Но тоа може брзо да се спроведе, ако многу луѓе или поголем број постигне духовност. Тогаш ја познаваат дисциплината и правилата. Тогаш знаат како да бидат поштени и чисти, како да

ја употребуваат својата итрина. Тогаш можат да измислат начин да нешто направат и нашите животи одново да ги организираат.

**П:** Изгледа да е тоа многу тешко, бидејќи како гледам, како разбирам, голем дел на нашите денешни тешкотии во заштитата на човечката околина потекнуваат од зголемувањето на потребите на становништвото, за живеалиште, за станови и начинот на живеење во 20-от век, како сакаме да живееме.

На пр. бразилските прашуми. Таму се уништуваат шумите. Се сечат дрвата и тоа причинува поплави. А и тоа е поврзано со проблемот на пренаселување.

**У:** Секако сите работи на овој свет меѓусобно се поврзани. А единствено решение да се реши проблемот е да се решава од коренот, а не од гранките. А коренот е духовна стабилност. Разбирате? (аплауз)

И поради тоа мораме да пробаме да ја пренесеме духовната вест во целиот свет; тоа што знаеме и да ја одржуваме духовната дисциплина. Тоа на луѓето им фали. Во ред е човекот да се "спои" на електрична машина со светла и бучна музика за да го постигле samadhi. Но кога немате морална дисциплина, вашата сила понекогаш се применува за лоши намени. Не можете тоа да го контролирате.

Поради тоа во оваа група прво луѓето ги научуваме за правилата. Правилата се важни. Мораме да знаеме каде одиме и да управуваме со својата сила. Сила без љубов, без сочуство, без право разбирање на моралните вредности, од тоа нема корист. Тоа постанува црна маѓиа – злоупотреба. Од таму доаѓа црната маѓиа. Поради тоа полесно е да се просветли, а тешко е тоа да се задржи. Ако на нашиот пат не сте навистина дисциплинирани и морално опремени, Учителот ќе ви одземе нешто од вашата моќ. За да неможете да ја злоупотребете и да направете нешто лошо

на заедницата. Тоа е разликата. Учителот има контрола. Моќтта на Учителот, Моќтта на Учителот. Добро?

Многу сум среќна поради вашите паметни прашања. Многу паметни.

Луѓето тоа го работат бидејќи не се доволно итри, знаете, како што ја уништаваат земјата, како што вие рековте, или кога работат нешто поради недостасување на итрината. Да, коренот е итрина, духовна пракса. Бидете просветлени.

Ви благодарам на вниманието. Ви посакувам се најубаво.

*"Меѓутоа иницијациата и не е иницациа... вие едноставно ќе дојдете и ќе дозволете да ви помогнаМ да сами себе си помогнете. Не дојдов тука да ве направам ученици... Јас сум овде да ви помогнам да постанете Учители. "*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Секој веќе знае како треба да медитира, но содржината на вашата медитација е погрешна. Некои луѓе медитираат за убави девојки, некои за пари, а некои за работа. Секој пат кога ќе посветете потребно внимание на една работа, со целото срце, тоа е медитација. Јас посветувам внимание само на внатрешната сила сочуство, љубов и Божја Милост"*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Инициација преставува почеток на новиот живот во новото општество. Тоа значи дека Учителот ве примил да постанете едно од суштествата во кругот на светите. Тогаш повеќе не сте обично суштество, вие сте возвишени. Во старо време тоа го нарекувале 'Крстење' или 'Пронаоѓање засолништво во Учителот'"*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

# *Иницијација: Метода Quan Yin (Куан Јин)*

Совршената Учителка Чинг Хаи ги иницира искрените трагачи кои сакаат да дојдат до вистината во Quan Yin методата. Кинески поим "Quan Yin" значи контемплација на звучните вибрации. Методата вклучува медитација на внатрешната светлина и внатрешниот звук. Тие внатрешни доживувања се многу пати опишувани во духовните книги на сите светски религии од секогаш.

На пр. христианската Библија вели: ***На почетокот беше збор, зборот беше кај Господа – и зборот беше Господ.*** (Иван, 1:1) Тој збор е внатрешен звук. Наречено е: Логос, Shabd, Таг, звучна струја, Наам или небесна музика. Учителката Чинг Хаи вели: ***Тој вибрира во се што е живо и го одржува целиот свемир. Таа внатрешна мелодија може да ги излечи сите рани да ги исполни сите желби и да ја згасни секоја световна жед. Таа е сета моќ и сета љубов. Тоа е така бидејќи ние сме од тој Звук, додирот со тој звук ни носи мир и задоволство во нашето срце. После слушањето на тој звук, нашето суштество се менува, како и нашиот целосен поглед на животот кој постанува подобар.***

Внатрешната Светлост, Божје Светло баш таа светлост на која се мисли во зборот "просветлување". Нејзината сила може да одигрува од нежен жар до сјај од многу милиони сонца. Низ внатрешниот Звук и Светлост доаѓаме до разбирањето на Господа.

Иницијацијата во методата Quan Yin не е езотеричен ритуал или церемонија на преминот во нова религија. За време на иницијацијата се добиваат посебни упатства во медитацијата, за внатрешниот Звук и Светлост, а Учителката Чинг Хаи проведува "Духовни пренос". Тој први вкус на Господовата присутност се води во тишина. Учителката Чинг Хаи не мора да биде физички присутна, да ви ја отвори таа "врата". Тој Пренос е најважен дел на методата. Самите техники многу малу ќе ви помогнат без присуството на Милоста на Учителката.

Поради тоа можете одма уште во текот на иницијациата, да го чуете внатрешниот Звук и да го видете внатрешното Светло, тој случај понекогаш се опишува како "неочекувано" или "блиско" просветлување.

Учителката Чинг Хаи за инициација прима луѓе од сите религии и од сите краеви. Не морате да ја менувате сегашната религија или системот на верување. Не морате да се приклучете на некоја организација или да соделувате во нешто, што не одговара на вашиот сегашен животен стил. Меѓутоа, ќе бидете повикани да бидете вегетаријанци. Да се придржувате на вегетаријанска исхрана до крајот на животот, важен услов е за примање на иницијациа.

Иницијациа е без плачање.

Дневното применување на Quan Yin методата на медитација и придржувањето на "Петте правила" се единствено барање на кое треба да се придржува после иницијациата. Правилата се патокази кои ви помагаат да не се повредете или да не повредете некое друго живо суштество. Таквата пракса ќе го

разбуди и зајакне вашето иницијално доживување на просветленоста и ќе ви овозможи на крајот да го постигнете највисокиот степен на просветлување или Buddhi. Без секојдневното применување сигурно во целост ќе го заборавете своето просветление и ќе се вратете на минатиот степен на свеста.

Целта на Учителката Чинг Хаи е да не научи да бидеме самите себе си доволно. Поради тоа таа ја применува методата која секој може да ја практицира, без ничија помош или некакви материјални потреби. Таа не бара никакви обожаватели, следбеници, ученици или создавање на организација со редовно плачање на членарина. Таа не прима пари, поклони, а пред неа никој не паѓа на колена, така да тоа не треба ниту да и се понудува.

Таа ќе ја прифати вашата искреност во секојдневниот живот и практикувањето на медитацијата да се приближете до светото.

# *Пет правила*

1. Воздржи се од убивање на суштества кои имаат чувства. *
2. Воздржи се од зборување не вистини (лагање).
3. Воздржи се од земања онеа што не ти е дадено.
4. Воздржи се од прељуб (сексуално непочитување)
5. Воздржи се од земање штетни материи

* Под придржување на тие правила се подразбира и вегетаријанска, т.е. млечна (лакто) вегетаријанска исхрана.

*"Потполно божанствена личност е и потполно човечко суштество. Потполно човечко суштество е потполно божанско. Сега сме пола човечко суштество. Понекогаш се предомислуваме и правиме работи со его. Не веруваме дека е Господ тој кој го прави тоа за нашето уживање и доживување. Ние го одвојуваме гревот од поштеното, ние од се правиме проблеми и по своите критерии судиме за себе си и на другите луѓе. Ние се мачиме поради своите ограничени разбирања за она што Господ треба да работи. Разбирате? Меѓутоа Господ е во нас и ние го ограничуваме. Ние сакаме да уживаме и да играме, но не знаеме како. Им зборуваме на другите 'Но ти тоа не треба да го работиш.' А за себе: 'Тоа не смеам да го правам, а ни ова не смеам да го правам. Зашто да бидам вегетаријанец?' Да! Знам. Јас сум вегетаријанец бидејќи Господ од мене тоа го сака."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

*"Кога сме чисти во своите дела, во мислите и зборовите, дури и на момент, сте божанства, бог и анѓелите чувари ќе не чуваат. Во тој момент целата вселена ни припаѓа и не подржува, престолницата не чека да со неа владееме."*

*~ Совршената Учителка Чинг Хаи ~*

# Зашто луѓето мораат да бидат вегетаријанци

Доживотно придржување на вегетаријанска или млечна (лакто) вегетаријанска исхрана е предуслов за иницијациа во Quan Yin методата. Храната произведена од растителните извори и млечните производи се дозволени во таа врста на исхрана, а сите други намирници од животинско потекло со тоа и јајцата не смеат да се конзумираат. Многу причини има за тоа, а најважната доаѓа од првата заповед, која вели мораме да се воздржеме од убивање на суштества кои имаат чувства, а гласи: ***Не убивај!***

Одтргни се од убивање или повредување на живите суштества, од очигледна корист е за нив. Помалку е очигледно да одгргнувањето од повредување на живи суштества е корисно за нас. Зошто? Поради законот на кармата: ***Како сееш, така ќе и жнееш.*** Ако убиваш или ги поттиткнуваш другите да убиват за тебе, за да ја задоволиш својата желба за месо, ти се изложуваш на кармичното задолжување и тоа еднаш мора да се плати.

Така е во правата смисла на зборот вегетаријанската исхрана е дар кои си го даваме самите себе си. Подобро се чувствуваме,

квалитетот на нашиот живот е подобар, а нашиот кармички долг се смалува, ни се понудува влез во подобрите небесни сфери на внатрешното искуство. Тоа е многу вредно за мала цена која мораме да ја платиме!

Духовните аргументи за престанување на конзумација на месо за некои луѓе се доволни, но постојат други важни причини поради кои треба да бидеме вегетаријанец. Сите тие причини имаат свое длабоко оправдание. Тие се поврзани со прашањата на здравјето и исхраната, екологијата, заштитата на околината, етиката, маките на животните и гладот на светот.

## Здравје и исхрана

Испитувањата на човечката еволуција докажала дека нашите претци биле вегетаријанци. структурата на човечкото тело не одговара за исхрана со месо. Тоа е прикажано во есејот од компаративна анатомија од авторот др. Г.С. Хунтинген од универзитетот Колумбиа. Тој рекол дека месојадите имаат кратки, мали и широки црева. Нивното дебело црево е карактеристично многу равно и мазно. Наспроти нив оние кои се хранат со растенија имаат долго тенко црево и долго дебело црево. Поради малиот содржај на влакна и големата густоча на белковини во месото, тоа не мора долго да се вари; поради тоа цревата на месојадите се пократки од цревато на суштествата кои јадат растенија.

Луѓето, како и другите суштества кои јадат растенија, имаат долго тенко и дебело црево. Човечките црева се долги од прилика 8,5 м. Танкото црево е свиткано многу пати, а неговата

површина не е мазна, туку е набрана. Поради тоа што е подолго од цревата на месојад, месото во нашите црева останува долго време. Во склад со тоа, тоа гние и создава отрови. Тие отрови често пати се причина за рак на цревата, а тие го зголемуваат оптеретувањето на црниот дроб, кој е во функција за прочистување на отровите. Тоа може да причини цироза и рак на црниот дроб.

Месото содржи многу белковини, урокиназа и мокрачна киселина, која уште повеќе ги оптеретува и може да ја оштети функцијата на бубрезите. Секоја фунта (453.59 г) телечка шницла содржи 14 грама белковина урокиназа. Ако живи клетки ставиме во течност од белковина урокиназа, нивниот метаболизам се дегенерира (поремети). А на месото му фали целулоза или влакна, што лесно може да донесе до затвор (капс). Познато е дека затворот (недостаток на столица) може да дојде до рак на ректумот (завршниот дел од дебелото црево) или хемороиди.

Холестерол и заситените масти исто така можат да предизвикаат кардиоваскуларни потешкотии. Кардиоваскуларните тешкотии се еден од најчестите поводи за смртта во САД и Формоза.

Ракот е втор повод на смртта. Експериментите покажуваат дека во текот на припремата, печење на месо и роштилање, настанува една хемиска супстанција (метилколантрен), која е многу канцерогена. Кај глувците на кои им се дава така припремено месо, набрзо ќе се појават тумори, како што се тумор на коските, леухемија, карцином на желудец и др.

Испитувањата покажале дека кај малите глувци, кои ги доеле женки со тумор на дојки, исто така се развил тумор. Кога човечките канцерозни клетки со инекција ги внесеме во животните и кај нив ќе се развие карцином. Ако месото доаѓа од животните кои болувале од карцином и ни ги внесувме во нашиот организам, тогаш се големи шансите да и ние оболиме.

Голем број на луѓе мислат дека месото е чисто и сигурно, бидејќи во месарниците се спроведуваат санитарни мерки. Едноставно има премногу стока: свињи, живина итн. Кои дневно се убиваат, а да можат да се прегледат. Многу е тешко да се контролира секое парче месо, дали има карцином или не, а не да се прегледа секое животно поединачно. Се што е во тој момент можно е на проблематично животно да му се одсече главата, ако е таму проблем или да се одвои ногата. Само лошите парчина се фрлат, а остатокот се продава.

Познатиот вегетарианец др. Ј.Х. Келог вели: "Кога јадеме вегетаријанска храна не мораме да се грижеме од какви болести храната умрела. Поради тоа весели да уживаме во јадењето!" Но постои и една друга грижа. Антибиотици, како и други лекови, вклучувајќи ги стероиде и хормоните за растење се даваат на животните и во храната или со инекции се даваат директно во организам. Потврдено е дека луѓето кои јадат такво месо ги апсорбираат тие лекови во своето тело. Постои можност да тие антибиотици од месото го смалуваат дејството на антибиотиците кои ги користат луѓето.

Има луѓе кои вегетаријанската исхрана ја сметаат за недоволно хранлива. Американскиот стручњак за хирургија, др Милер, работал повеќе од четириесет години во Формоза. Таму основал

болница во која сите оброци биле вегетаријански, за вработените и пациентите. Тој рекол: "Глушецот е животно кое може да опстане како месојад и како растениејад. Ако два глувци одвоиме и едниот го храниме со месо, а другиот без месо ќе приметиме дека двата подеднакво растат, со разлика во тоа што вегетаријанецот живее подолго од месоједот, бидејќи е поотпорен на оболувања. Ако двата глувци се разболат, вегетаријанецот многу побрзо оздравува." И додава: "Медицината која ни ја овозможи модерната наука да напредува, се уште е во состојба само да ги третира болестите. Меѓутоа храната може да го сочува здравјето." Објавил дека "Растителната храна е многу поважен извор на исхраната од месото. Луѓето ги јадат на животните, а извор на исхраната од животните кои ги јадеме се растенијата. Животот на многу животни им е краток, а животните заболуваат од слични болести како и луѓето. Големи се изгледите да болестите кај луѓето доаѓаат од исхраната со месо на заболените животни. Зашто човекот не ја зема храната директно од растителниот свет?" Др. Милер вели дека е потребно да се јадат житарици само во доволни количини, бурании и зеленчук, за да добиеме онеа што ќе го осигура доброто здравје.

Многу луѓе мислат дека белковините од животинско потекло се подобри од растителните белковини, бидејќи првите се комплетни, а вторите непотполни. Вистина е дека некои растителни белковини се комплетни и со комбинирана исхрана можеме да ги осигураме сите потребни белковини. Во март 1988 г. Américko диететско друштво објавило дека вегетаријанска храна е здрава и доволно хранлива, ако се правилно планира.

Погрешно се мислело дека месојадите се појаки од вегетаријанците но експериментот кој го водел професорот Ирвинг Фисхет од Универзитетот Yale, со 32 вегетаријанци и 15 кои јадат месо докажал дека вегетаријанците се поиздржливи. Им наредил на луѓето да издржат колку можат со испружени раце. Резултатот бил многу јасен. Од 15 месојади само двајца успеле да издржат од 15-30 мин со испружени раце; меѓутоа од 32 вегетаријанци 22 издржале од 15-30 мин, 15 личности преку 30 мин, 9 преку 1 час, 4 повеќе од 2 часа, а 1 повеќе од 3 часа. Многу атлетичари на долги стази блиску пред големите натпревари строго се придржуваат на вегетаријанска исхрана. Др Барбара Море, стручњак за вегетаријанска терапија претрчала стаза од 110 миљи за 27 часа и 30 мин. Со тоа 56-годишна жена ги оборила сите рекорди кои ги држеле млади мажи. "Сакав со пример да докажам како луѓето кои се строго држат на вегетаријанска исхрана можат да имаат јако тело, бистри ум, прочистен живот."

Дали добиваат вегетаријанци со својата исхрана доволно белковини? Светската здравствена организација препорачува да 4,6 % на дневните калории треба да се добиваат од белковините. Пченицата содржи 17 % калории во облик на белковини, прокула 45 %, а оризот 8 %. Многу е лесно да се осигура оброк богат со белковини, а да не јадеме месо. Со додатна предност, а тоа овозможува избегнување на многи болести, кои се причинати од исхраната богата со масти, како што се болести на срце и многу карциноми, вегетаријанство е најдобар избор.

Докажана е врската на последиците од конзумирање на месо и друга храна од животинско потекло, која содржи животински масти, како што се: болести на срце, рак на градите, рак на

дебелото црево и инфаркт на мозокот. Другите болести кои често можат да се избегнат, а понекогаш и да се излечат со помош на вегетаријанската исхрана се: камен на бубрег, карцином на простата, шеќерна болест, чир на органите за варење, камен на жолчка, bowelov синдром, артритис, болести на вилиците, акни, карцином на панкреас, карцином на желудец, хипоглихемија, тврда столица, стрес, висок притисок, остеопороза, карцином на јајник, хемороиди, голема дебелина и асма. Покрај пушењето јадењето на месо е најопасен ризик за здравјето.

## ЕКОЛОГИЈА И ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

Одгледувањето на животни за месо има свои последици. Тоа доведува до кисели дождови кои ги уништуваат шумите, глобалното зголемување на температурата, загадување на водата, недостаток на вода за пиење, создавање пустини, злоупотреба на енергетскиот потенцијал и гладот во светот. Искористување на земјата, водата, енергијата и човековата работа за производство на месо, не е делотворен начин за искористување на земјините потенциали.

Од 1960 до денес околу 25 % на тропските шуми во Централна Америка биле запалени за да се направат пасишта за стоката. Се заклучува дека за 4 унци хамбургер кои се направени од шумските говеда е уништено 55 квадратни стопи тропска шума. При тоа, одгледувањето на стоката доста придонесува при настанување три гасови, кои причинуваат глобално загадување; еден е од главните причини за загадување на водата и

побаруваат големи 2464 галони вода за производство на секоја фунта на говедина. Потребно е само 29 галони вода да се произведе фунта патлицани и 139 галони вода за произведување на фунта пченичен леб. Готово половина од водата, која се троши во САД, оди за одгледување и тов (гоење) на стоката и други животни.

Можно би било да се исхранат многу повеќе луѓе ако изворите за одгледување на стока се употребуваат за одгледување на жито, наместо за исхрана на луѓето. Една акра на земја, која е засадена со зоб, произведува 8 пати повеќе белковини и 25 пати повеќе калории, ако со тој зоб се хранат луѓе, а не стока. Една акра засеана со прокули, произведува 10 пати повеќе белковини, калории и ниацин од една акра земја која служи за одгледување на стока. Статистики како оваа има многу. Светските ресурси би биле многу подобро искористени, наместо производство на стока земјата да се користи за производство на растителна храна, со која може директно да се исхранува населението.

Конзумирањето на вегетаријанската храна ви овозможува "многу полесно да чекорите по планетата". Со земање само на онеа што ви е потребно и со смалувањето на луксузот, ќе се чувствувате подобро кога ќе знаете да живо суштество не мора да умре секој пат кога вие го једете својот оброк.

## Светски глад

Одприлика една милјарда на луѓе се гладни и неисхранити на нашиот планет. Преко 40 милиони луѓе секоја година умираат од глад, а многу од нив се деца. И покрај тоа повеќе од една третина на светската жетва на жито се одвојува за одгледување

на стока, наместо за исхрана на луѓе. Во САД стоката ја конзумират 70 % од целото производство на житарици. Ако наместо стока храниме луѓе, никој не ќе биде гладен.

## Маките на животните

Дали сте свесни, да во САД секој ден се колат 100000 крави?

Многумина животни во западните земји се одгледуваат на "фабричките фарми". Таквите услови се создадени да се овозможи максимално одгледување на животни за колење со минимални трошкови. Животните се стиснати во мал простор, а со нив се однесува како со машини за претворање на сточна храна во месо. Тоа е вистината, која многу од нас не ќе ја видеме со свое око. Поради тоа се вели: "Една посета во касапницата од вас ќе направи доживотен вегетаријанец".

Лав Толстој вели: "Така долго додека постојат касапниците ќе бидат и војни полиња. Вегетаријанство е тест на човештвото". Иако многу од нас не одобруваат убивање, сме создале навика, која е подржана од друштвото, редовно да јадеме месо, без знаење што се работи со животните кои ги јадеме.

## Друштвото на светите и другите

Од почеток на пишаната историја можеме да видеме дека зеленчукот е природна храна на човечките суштества. Сите поранешни Грчки и Еврејски митови зборуваат за луѓето кои изворно јаделе овошје. Старите Египетски свештеници никогаш

не јаделе месо. Многу Грчки филозофи како што се Платон, Диоген и Сократ го преставувале вегетаријанството.

Во Индија Shakyamuni Buddha ја нагласувал важноста на ахимсе, нормите на живите суштества да не им се нанесува лошо. Тој на своите ученици ги предупредувал да не јадат месо или било кои други живи суштества, бидејќи тие ќе се плашат од нив. Буда го рекол ова: ***Конзумација на месо е само стекната навика. Во почетокот не сме биле родени да јадаме месо. Луѓето кои јадат месо го одвојуваат своето внатрешно семе од Големата Милост. Луѓето кои јадат месо меѓусобно се убиваат и меѓусобно се јадат... Во овој живот јас те јадам тебе, а во идниот ти ќе ме јадеш... И така тоа се продолжува на исти начин. Како тие да излезат од Трите Кралства (илузија)?***

Многу поранешни таоисти, поранешни христијани и евреи биле вегетаријанци. Тоа е запишано и во Библијата: ***И додаде Господ: Еве, ви ги давам сите растенија што се со семе, по својата земја и сите плодни стабла што го носат своето семе во себе: нека ви бидат за храна! А на зверките на земја, на птиците во воздухот и влечугите што се влечат на земја во кој е здивот на животот – за храна нека им се сите зелени растенија! И така е.*** (Создавање, 1:29) Останатите примери од Библијата забрануваат конзумирање на месо: ***Само не смеете да јадете месо во кое е уште душата, т.е. неговата крв.*** (Создавање, 9:4) ***Што ќе ми се толку ваши жртви?*** – Зборува Јахве – ***Сит сум од спалени овени и телиња. И крвта на биковите, јагнињата и јарињата. Кога доаѓате лицето да ми го гледате, кој од вас бара да гази во моето дворилиште? Престанете да ми носите дарови кои се***

***уништуваат, кога ги мразам. Млад месец, во сабота ве повикувам – не поднесувам зборување и увреда, Млад месец и вашите празници ги мразам со целата душа, - тешки ми се, не можам да ги поднесам! Кога на молитвите рацете ги ширете, јас од вас погледот го одврачам. Молитвите само ги зголемувате, јас не ве слушам. Рацете со крв ви се извалкани, измијте ги и очистите, трнете ги од пред очи лошите дела, престанете да правете лошо!*** (Изаија, 1:11-16) Свети Павле, еден од Исусовите ученици, во своето писмо на Римјаните им рекол: ***Добро е да не се јаде месо и не се пие вино.*** (Римјани, 14:21)

Пред некое време историчари пронашле многу древни (стари) книги кои дале ново светло на Исусовиот живот и неговото учење. Исус рекел: ***Човекот кој јаде месо од животните ќе се претвори во свој гроб. Ви кажувам навистина, луѓето кои убиваат, ќе бидат убиени. Оној кој убива живи суштества и го јаде нивното месо, јаде месо од мртов човек.***

Индиските религии исто така избегаваат јадење на месо. Речено е да: ***луѓето не можат да дојдат до месо, а да не убијат животно. Личноста која повредува суштества со чувства, Господ никогаш не ќе ги благослови. Затоа избегавајте јадење на месо!*** (Индуистички пропис)

Исламското свето писмо, "Куран", ***забранува јадење на мртви животни, крв и месо.***

Големиот Кинески зен-учител, Хан Схан Тзу, напишал песна која е против конзумирање на месо: ***Појди до пазарот и купи месо и риби, и однеси ги на твоите гладни деца, но дали е***

***нужно на други живи суштества, да им го земеме животот за да живееме? Тоа не е со разум. Тоа не ќе те однесе на небото веќе ќе те претвори во пепел на пеколот!***

Многу познати писатели, уметници, научници, филозофи и други личности биле вегетаријанци. Важноста на вегетаријанска исхрана посебно ја истакнувале: Buddha, Isus Hrist, Virgilie, Horacie, Platon, Ovidie, Petrarca, Pitagora, Sokrat, Shakespeare, Voltaire, Sir Isac Newton, Leonardo da Vinci, Charls Darwin, Benjamin Franklin, Ralph Waldo Emerson, Henry David Thoreau, Emil Zola, Bertrand Russel, Richard Wagner, Percy Bysshe Shelly, H.G.Wells, Albert Einstein, Rabindranath Tagore, Lav Tolstoj, George Bernard Show, Mahatma Gandhi, Albert Schweizer и нашите современици Paul Newman, Madonna, принцеза Diana, Lindsay Wagner, Paul McCartney и Condice Bergen, да наведеме само некои.

Albert Einstein рекол: "Мислам дека со промените и ефектот на прочистувањето кои ги носи вегетаријанската исхрана со себе, од голема е корист за човештвото. Поради тоа изборот на вегетаријанство за човекот е добар и миројубив избор" Тоа е основни совет кои е заеднички за многу мудри и важни луѓе во историјата!

## УЧИТЕЛКАТА ОДГОВАРА НА ПРАШАЊА

**П:** Јадење на животните е убивање на живите суштества, но зарем не е и јадење на зеленчук една врста на убивање?

**У:** Растителната исхрана е исто така убивање на суштества и чини некои кармички пречки, но дејството е минимално. Но

некој применува Quan Yin метода два и пол часа дневно, може да се реши од тие кармични дејства. Но како мораме да јадеме за да преживееме, ја одбирам храната која има најмалку свест и најмалку се мачи. Растенијата содржат 90% вода и нивното ниво на свеста е многу ниско, скоро ништо не чувствуваат и не се мачат. Уште повеќе, ако јадеме зеленчук, ние не го сечеме неговиот корен, туку му помагаме на неговото несполно размножување со сечењето на листовите и гранките. Крајниот резултат може да биде само од корист на растението. Поради тоа полјоделците велат дека со сечењето и помагаат на вегетацијата да порасне убава и голема.

Со овощјето тоа е уште по видливо. Кога овощјето созрева, тоа на луѓето ги привлекува со својот прекрасен мирис, убавата боја и добриот вкус. Тоа е начин на кои овошките ја постигнуваат својата намена за ширење на семето далеку во целото подрачје. Ако не го собереме плодот и го изедеме, тоа ќе презрее, ќе падне на земја и ќе изгние. Неговото семе ќе биде во сенката на стаблото и ќе умре. Така јадењето на овошје и зеленчуци е природно настојување, кое не му донесува никаква мака.

**П:** Многумина мислат дека вегетаријанците се ниски и слаби, а оние кои јадат месо повисоки и подобро градени. Дали е тоа вистина?

**У:** Вегетаријанците не мора да значи да се пониски и послаби. Ако е нивната прехрана правилна, исто така тие можат да бидат јаки и големи. Како што знаете, сите големи животни како што се: слоновите, жирафите, нилските коњи, коњите, стоката итн. јадат само овошје и зеленчук. Тие се појаки од месојадите, но многу нежни и добронамерни према човекот. Но месојадите се многу насилни и бескорисни. Ако луѓето јадат многу животни, и

тие постануваат зафатени со животинските инстикти и нивните особини. Луѓето кои јадат месо не се морално високи и јаки, но векот на живеење им е просечно краток. Ескимската исхрана во целост се темели на месо, но дали се навистина Ескимите високо и јаки? Дали живеат долго? Мислам дека е тоа многу јасно.

**П:** Дали смеат вегетаријанците да јадат јајца?

**У:** Не, кога јадеме јајца, тогаш исто така убиваме живи суштества. Некои тврдат дека јајцата, кои ги купуваме во продавниците се неоплодени, така да со нивнито конзумирање не убиваме живи суштества. Тоа е само така гледано точно. Јајцата остануваат неоплодени поради тоа што не се исполнети условите за нивното оплодување и тогаш не може да се развие во кокошка, што е неговата природна намена. Дури и тогаш кога не доаѓа до неговото развивање тие се уште имаат природна сила за тоа. Знаеме дека јајцето го има тој вековен природен нагон; меѓутоа, како е тоа да само јајните клетки единствено можат да се оплодат? Некои истакнуваат дека јајцето во себе ја содржи основната хранлива супстанција, белковини и фосфор, кои се најважни и за човечкото тело. Но таа белковина се наоѓа во обвивката (лушпа) на гравот. А фосфорот во многу врсти на заленчук, на пример во компирот.

Познато е да од прастаро време па се до денес има многу големи редовници (калуѓери), кои не јаделе месо, ниту јајца, а долго живееле. На пр. Учителот Ying Guang јадел само зеленчук и ориз за секој оброк, а живеел осумдесет години. Жолтокот содржува многу холестерол кои е еден од причините на кардиоваскуларните болести, а тие се на прво место по смртноста во Америка и во Формоза. Не е чудно, бидејќи голем број на пациентите јадат јајца!

**П:** Луѓето одгледуват животни и живина, како што се: свињи, стока, кокошки, патки итн. Зашто нив не можеме да ги јадеме.
**У:** Па што, родителите ги одгојуваат децата. Дали родителите ги јадат на своите деца? Сите живи суштества имаат право да живеат и никој тоа право не може да им го одземе. Ако ги видеме законите на Хонг Конг, дури и самоубојството е против законот, колку тогаш е противзаконито убивање на други живи суштества?

**П:** Животните се создани да ги јадеме. Ако не ги јадеме, тие би го поплавиле целиот свет. Зарем не?
**У:** Тоа е апсурдна идеја. Пред да убиете животно, дали го прашувате сакат ли да го убиете и изедете, или не? Сите живи суштества сакаат да живеат и страв им е да умрат. Ние исто така не сакаме да не изеде тигар, а зашто да луѓето јадат животни? Човечките суштества постојат во светот пред повеќе од десет илјади години, но пред да се појави човечката врста постоеле и многу други животински врсти. Дали тие ја покриле земјата? Живите суштества одржуваат природна еколошка равнотежа. Кога ќе дојде до недостиг на храна и просторот биде ограничен, тоа ќе причини големо смалување на популацијата. Така ќе се регулира популацијата на ниво како одговара.

**П:** Зашто да бидам вегетаријанец?
**У:** Јас сум вегетаријанец, бидејќи Господ од мене тоа го бара. Разбирате? Конзумирање на месо спротивно од универзалните норми да не се убива. И сами не сакаме да не некој убие, и сами не сакаме да некој не покраде. Но ако сами тоа го правиме и на другите луѓе, тогаш си правиме против себе си и тоа ни нанесува бол. Се што правиш против други, ти нанесува бол. Не

можеме самите да се потепаме и не би требало самите себе си да си нанесуваме бол. Исто така не смееме да убиваме, бидејќи тоа е против животните норми. Разбирате? Тоа ни донесува мака и затоа не го правиме тоа. Тоа значи да нашиот живот го прошируваме на други облици на живот. Нашиот живот не ќе биде ограничен со телото, ќе биде проширен на животот на животните и останатите живи суштества. Тоа ќе не прави поголем, повесел и неограничен. Во ред?

**П:** Сакате ли нешто да кажете за тоа како вегетаријанска исхрана може да допринесе за светскиот мир?
**У:** Сакам. Видите, повеќето војни кои го погодуваат светов се случува поради економски причини. Со тоа се соочуваме. Економските потешкотии на една земја настануват многу почесто кога постои глад и недостаток на храна или недостаток на еднаквото расподелување на храна између разни земји. Ако земете малку време да ги прочитате новините и ги проучете факторите за вегетаријанска исхрана, тогаш тоа сигурно добро го знаете. Одгледувањето на стоката и животните за месо, причинува банкрот на нашето стопанство во сите аспекти. Тоа причинало глад во целиот свет, посебно во земјите на Третиот свет.

Не сум прва која тоа го кажува. Тоа го изјавил еден американски граѓанин, кој го направил тој тип на испитување и напишал за тоа книга. Можете да отидете во било која библиотека и читајте за испитувањата на вегетаријанство и производство на храна. Можете да прочитате "Исхрана за Нова Америка" од John Robbins. Тоа е познат како сладоледни милионер. Прекинал од дотогашниот начин на живот, за да постане вегетаријанец, за да напише книга против фамилијарните традиции и работи. Изгубил многу пари, углед и

работа, а тоа го направил со љубов на Вистината. Таа книга е многу добра. Постојат и многу други книги и новини, кои можат да ви дадат многу информации и фактори за вегетаријанската исхрана и како тоа придонесува мир во светот.

Видете, ние ја доведуваме до пропаст нашата резерва на храна, така што одгледуваме стока. Знаете ли колку белковини, лекови, резерва на вода, човечка сила, превозни средства, патишта и колку стотини илјади рали земја се уништаваат пред што ќе дојде време за колење и јадење на месото од кравата. Разбирате? Сите тие сретства можат да им се наменат на сите неразвиени земји подеднакво и така можеме да го решеме проблемот со гладот. Така ако една земја треба храна, таа напаѓа само да ги спаси своите луѓе. Тоа на долг пат причинува лоши работи и освета. Разбирате?

***Како сеете, така ќе и жнеете.*** Ако некого убивате поради храна и ние ќе бидеме убиени за храна, во некој други облик, друго време и друга генерација. Тоа е тажно. Така сме интелегентни, цивилизирани, а многу луѓе од нас се уште не ја знаат причината поради која нашите соседни држави се мачат. Тоа е поради нашиот апетит, вкус и стомак.

За да нахранеме едно тело, убиваме толку живи суштества и изгладнуваме многу луѓе. Сега дури ниту не зборуваме за животните. Разбирате? Бидејќи нашата кривица свесно или несвесно, ја притиска нашата свест. Тоа доведува да заболуваме од карцином, туберкулоза и други неизлечиви врсти на болести, вклучувајќи и АИДС. "Запрашајте се зашто вашата земја, Америка, најмногу се мачи со овие болести?" Овде е најголем процент на карцином во светот, бидејќи Американците јадат многу говедина. Тие јадат повеќе месо од жителите на било која друга држава. Запрашајте се зашто Кина или поранешните комунистички земји немаат така висок процент на карциноми?

Тие немаат толку месо. Разбирате? Така велат испитувањата, а не јас. Во ред? Немојте да ме оптужувате.

**П:** Кои духовни предности добиваме како вегетаријанци?
**У:** Мило ми е што го поставивте прашањето така, бидејќи тоа значи дека ве интересираат духовните способности. На многу луѓе во интерес им се: здравјето, исхраната и изледот кога прашуваат за вегетаријанска исхрана. Духовни аспекти на вегетаријанска исхрана се нејзината чистота и неагресивност.

***Не убивај!*** Кога ни го рекол тоа Господ, не мислел да не смееме да убиваме луѓе, туку рекол да не убиваме ниедно живо суштество, зарем не рекол дека ги створил на сите животни да ни бидат пријатели, да ни помагаат? Зарем не ни дал да се грижеме за животните? Рекол за нив да се грижеме и со нив да владееме. Ако владеете со своите поданици, дали тогаш ги убивате и јадете? Тогаш ќе бидете крал, а никој не ќе биде околу вас. Така, сега разбирате зашто Господ го рекол тоа. Мораме да се придржуваме на тоа. Нема потреба да го прашуваме. Господ зборува многу јасно, но кој го разбира Господа, освен сам Господ.

И така морате да постанете Господ, за да го разберете. Ве повикувам повторно да бидете слични на Господа, да бидете тоа што сте, да не бидете нешто друго. Да го медитираме Господа, не значи обожавање на Господа, тоа значи да постанеме Господ. Да разберете дека Господ и вие сте едно. ***Јас и татко ми сме едно***, зарем не зборувал Исус Хрис така? Ако тој рекол да се Тој и Татко му едно, ние и неговиот Татко исто така можеме да бидеме едно, бидејќи и ние сме Господова деца. А Исус зборувал дека тоа што го работел Тој, ние можеме да го правиме уште подобро. Така можеби можеме да бидеме подобри и од Бога, кој знае!

Зашто да го обожаваме Бога, кога за него не знаеме ништо? Зарем да слепо веруваме? Прво мораме да знаеме во кого веруваме пред да почнеме да се молиме, исто како што мораме да знаеме која е наша девојка, пред да се ожениме. Денес е обичај да не се жениме пред да ја запознаеме девојката. Исто така, зашто да му се молиме на Господа за некоја вера? Имаме право да бараме од Господа да ни се објави и прикаже. Имаме право да одбереме кој Бог сакаме да го следиме. Ете, сега гледате дека во Библијата е јасно напишано дека треба да бидеме вегетаријанци. Поради сите причини: здравствени, научни и економски треба да бидеме вегетаријанци. Поради сочуството со другите, треба да бидеме вегетаријанци. За да го спасиме светот, треба да бидеме вегетаријанци.

Во некои знанствени студии е објавено да луѓето во Америка само еднаш неделно јадат вегетаријанска храна, и можело да се спасат 16 милиони луѓе кои умират од глад секоја година. Па поради тоа бидете херои, бидете вегетаријанци. Поради сите тие причини, дури иако не го пратете и применувате моето учење и методата, ве молам, бидете вегетаријанци поради самите себе си и светот.

**П:** Ако сите јадат растенија, дали тоа ќе доведе до недостаток на храна?

**У:** Не. Со потреба на одреден дел на земја добиваме 14 пати повеќе храна отколку потребно на истата површина за одгледување на храна, за гоење на животните. Растенијата од секоја акра даваат 800000 калории енергија; меѓутоа ако растенијата се користат за одгледување на животни, кои тогаш повторно се употрбува како животинско месо, тогаш може да се добие само 200000 калории на енергија. Тоа значи, дека со текот на тој процес се губат 600000 калории енергија. Поради тоа,

очигледно е дека вегетаријанската исхрана е покорисна и поекономична од исхраната со месо.

**П:** Дали е во ред, како вегетаријанци да јадеме риба?
**У:** Во ред е ако сакате да јадете риба. Но ако сакате да бидете вегетаријанци, рибата не е зеленчук.

**П:** Некои луѓе велат дека е важно да бидеме човек со добро срце, но не е важно да бидам вегетаријанец. Дали се согласувате со тоа?
**У:** Ако некој има навистина добро срце, зашто тој уште јаде месо од неко живо суштество? Ако го гледа додека се мачи, тогаш не ќе биде во состојба да го јаде! Конзумирањето на месо е немилосрдно, па како тогаш тој човек може да има добро срце?

Учителот Lien Ch'ih еднаш рекол: ***Убиј го неговото тело и изеди го неговото месо. На овој свет нема никој кој е лош, лошонамерен, крволочен и опасен како тој човек." Како тој воопшто може за себе да тврди дека има добро срце?***

Менције исто така рекол: ***Ако го видеш жив, не можеш да поднесеш да го видеш мртов, а ако го чуеш како јаука, не можеш да го јадеш неговото месо. Затоа правиот господин е подалеку од кујната.***

Човечката интелигенција е поголема од животинската, ние употребуваме оружје да ги направеме неспособни да се бранат и така тие умираат во гнев. Тој човек кој тоа го прави, кои ги мачи на малите и слабите суштества, нема право да се нарече господин. Кога животните се убиени, тие се погодени со страшна агониа, страв и горчина. Тоа причинува создавање на отрови, кои останувaат во нивното месо и им штетат на оние кои го јадат. Бидејќи е фреквенцијата на вибрациите од

животните пониска е од човечката, таа ќе дејствува на нашите вибрации и ќе дејствува на развивањето на нашата итрина.

**П:** Дали е доволно да бидеш т.н. "умерен вегетаријанец" (Умерените вегетаријанци, не одбиваат месо. Тие јадат зеленчук мешан со јадења од месо.)

**У:** Не. На пр. ако храната ја ставеме во отровна течност и потоа ја извадеме, дали мислете да храната не ќе се затруе? Во Mahaparinirvana Sutri Mahakasyapa го прашува на Buddha: ***Ако некој ни даде зеленчук помешан со месо, смееме ли да ја јадеме таа храна? Како можеме да ја исчистиме таа храна?*** Buddha одговорил: ***Измијте ја со вода и одвоите го зеленчукот од месото и тогаш можете да јадете.***

Од горе наведениот диалог јасно е дека зеленчукот помешан со месо не смее да се јаде пред да се измие и одвои од месото, а за јадење на месо нема ни збор! Со тоа јасно е дека Buddha и неговите ученици биле вегетаријанци. Меѓутоа некои луѓе го обвинуваат, зборуваат дека бил "умерен (т.е. непотполни) вегетаријанец" и дека милосрдниците кога му давале месо, тој го јадел. Тоа не е вистина. Оние кои тоа го зборуваат читали многу мало негови дела, или тие дела, кои ги читале не ги разбрале.

Преку 90% луѓе во Индија се вегетаријанци. Кога тие на улица ќе видат просјак во жолта облека, знаат дека треба да му дадат вегетаријанска храна, а да не зборуваме за тоа да многу од нив немаат никакво месо!

**П:** Многу порано сум чула од еден други учител дека "Buddha умрел од дијареа кои ја добил јадејќи свинско копито". Дали е вистина?

**У:** Апсолутно не е! Буда умрел бидејќи изел една врста на печурка. Ако го преведеме директно од брахманскиот јазик, тогаш таа врста се вика "свинско копито", но тоа не е вистинско свинско копито. Тоа е исто како што една врста на овошје ја викаме "лонган" (тоа на кинески значи "змијско око"). Има многу јадења за кои човекот не би рекол да се вегетаријански, но тие се вегетаријански, како што е на пр. "змијско око". Таа печурка на брахмански јазик се нарекува "свинско копито" или "свинска радост". Двете имаа врска со свињите. Во стара Индија не било лесно да се пронајде таа печурка, а била ретка и многу вкусна, така да луѓето му ја послужиле на Buddha, восхитувајќи му се. Таа печурка не може да се најде над земја, бидејќи растат под земја. Ако сакале да ја пронајдат, луѓето морале да ја бараат со стара свиња, која на свињите им е омилена за јадење. Свињата ја наоѓа со помош на миризбата, и кога ќе ја пронајде, таа со копитото ја одкопува од земјата. Ете, тоа е причината поради која печурката се вика "свинска радост" или "свинско копито". Тие две имиња се однесуваат за иста печурка. Поради неправилниот превод и зато што луѓето не знаеле од каде потекнува тој збор, следните генерации причинале недоразбирање и погрешно го означиле на Buddha како "човек кој јадел месо". Таа грешка треба да се осуди.

**П:** Некои кои сакаат месо велат дека купуваат месо кај месарот и тие не убиваат. Поради тоа можат да јадат месо. Дали се согласувате со тоа?

**У:** Тоа е опасна грешка. Морате да знаете дека месарите ги колат на животните, бидејќи луѓето сакаат да ги јадат. Во Lankavatara Suti Buddha вели: ***Ако никој не јаде месо, тогаш никој не ќе убива. За тоа конзумирањето на месо и убивањето на живи суштества се иста работа.*** Поради

прекумерното убивање на живи суштества, ние ги имаме природните катастрофи и несреќите причинати со човекова рака. Војните се причинати со прекумерно убивање.

**П:** Некои луѓе велат дека поради тоа што растенијата не можат да произведат отрови како што се уреа и урокиназа, одгледувачите на овошје употребуват пестициди со кои ги прскат на растенијата, а тие се штетни за нашето здравје. Дали е тоа така?

**У:** Ако одгледувачите на овошје и зеленчук за прскање употребуваат многу токсични хемикали како што е ДДТ-а, тоа може да причине карцином, стерилност и оболување на црниот дроб. Отров како што е ДДТ-а може да се таложи во маст, и обично го има во животинска маст. Ако јадете месо, тоа значи да во организмот ги внесувате сите тие високо концентрирани пестициди и останатите отрови од животинската маст кои се наталожиле со текот на растот на животното. Тие концентрации можат да бидат и до 13 пати поголеми од оние кои се наоѓаат во овошјето, зеленчукот или житариците. Можеме да ги измиеме пестицидите од кората на овошките, но не можеме да ги исчистиме оние кои се во внатрешноста на животинската маст. Тие процеси на таложење се одвиваат поради кумулативните својства на пестицидите. Со тоа потрошачите се на врвот од ланецот на исхраната и најмногу се изложени на тие штетни дејства.

Експериментите на универзитетот Iowa докажале дека сите пестициди пронајдени во човечкиот организам потекнуваат од јадење на месо. Тие откриле дека нивото на пестицидите во организмот на вегетаријанците е за половина помала од луѓето кои јадат месо. Меѓутоа освен пестициди во месото има и други отрови. Во процесот на одгледувањето на животните, голем дел

од составот на храната за гојење се хемиски супстанции, кои овозможуваат да животните брзо растат, или нивното месо да промене боја, структура на ткивото, за да го зачува месото итн.

На пр. конзервансите произведени од нитрати многу се токсични. New York Times од 18. јули 1971. известува: "Голема скриена опасност за здравјето на оние кои јадат месо се невидливите штетни супстанци во месото, како што се: бактерија салмонела, пестицидите, конзервансите, хормоните, антибиотиците и другите хемиски додатоци". Освен наведените, на животните им се даваат вакцини кои остануваат во месото. Во тој поглед белковините во: овошјето, оревите, гравот, житариците и млекото почисти се од белковините во месото, кое во себе содржи 56% нечистотии кои не се топат во вода. Испитувањата покажуваат да додатоците, кои потекнуваат од човечка рака можат да бидат причина за карцином и другите болести или деформација кај фетусот. Така и на бремените жени им е подобро да бидат вегетаријанки за да осигураат физичко и психичко здравје на фетусот. Ако пиете многу млеко, ќе имате доволно калции, од буранииите можете да добиете белковини, а од овошјето и зеленчукот ќе добиете витамини и минерали.

# *Публикации*

Многубројни книги на англиски јазик, вклучавајќи и пет тетратки од предавањата на Учителката Чинг Хаи, еден со прашања и одговори, тринаесет со фотографии и три книги поезија, можат да се нарачат во централата во Формоза, или во здружени задруги и центри во целиот свет. Исто така достапна е и збирка на аудио и видео касети од Учителкини предавања, лични фотографии од сите големини и новини со новости на англиски, кинески, таиски, француски, шпански, кореиски, португалски, индонезиски, германски, јапански и ау лацу (виетнамски).

Овој воведни примерок е доступен бесплатно на многу светски јазици. Побарајте го оној кој ви одговара.

Сите останати изданиа ви ги нудиме по цена приближна на нивното печатање. Последната цена ќе се разликува зависно од одалеченоста и начинот на нивното испраќање. Ако постои издание кое ве интересира, ве молиме прво да го побарате во вашиот локални центар или кај контактна личност. Во спротивно морате да го нарачате директно од Формоза... овај дио је прерађен

## *Книги*

**Клучот на бliskoто просветлување**
Збирка предавања од Учителката
достапна на англиски (книги 1-5), корејски (книги 1-8), шпански (книги 1-3), германски (книги 1-2), француски (книги 1), португалски (книги 1-2), кинески (книги 1-8), тајски (книги 1-6), ау лацу (книги 1-8), индонезиски (книги 1-5), монголски (книги

4&5), шведски (книга 1),јапонски (книга 1), полски (книга 1), унгарски (книга 1).

**Клучот на блиското просветлување: прашања и одговори**
збирка со прашања и одговори од предавањата
достапно на англиски јазик (книга 1), кинески (книги 1-2), ау лацу (книги 1-4), корејски (книги 1-2), француски (книга 1), португалски (книга 1), индонезиски (книги 1-3), германски (книга 1), полски (книга 1), унгарски (книга 1).

**Клучот на блиското просветлување**
кореспонденција помеѓу Учителката и учениците
збирка на писма
на шпански јазик (книга 1), кинески (книги 1-2), ау лацу (книги 1-2).

**Клучот на блиското просветлување**
моите чудни доживувања со Учителката
известувања од учениците на кинески јазик (книги 1-2), ау лацу (книги 1-2).

**Клучот на блиското просветлување** посебно издание / седмодневна медитација
збирка на предавањата од Учителката за време на медитацијата во Сан Ди Мену, Формоза 1992 год. достапно на англиски јазик.

**Клучот на блиското просветлување** посебно издание (6 книги) Светската турнеа на Совршенета Учителка Чинг Хаи 1993.
на англиски јазик

**Учителката раскажува приказни:**
достапно на англиски јазик, шпански, ау лац, корејски и тајски.

**Тивки солзи:**
збирка на поезија која ја напишала Учителката

достапно на англиски јазик, германски и француски, во едно издание, англиски, кинески и ау лацу во едно издание; шпански, португалски, филипински.

**Фото-албуми**
збирка на фотографии од животот на Учителката, 1-13
со забелешки на англиски и кинески.

**Wu tzu песни**
збирка на Учителкини песни на ау лацу, кинески

**Албум на уметнички дела**
збирка на уметнички вредноtии: лепези, светилки на вечниот живот, сликарство и грнчарство, ...

**Дојдов да ве однесам дома**
збирка на цитати и духовно учење од Учителката достапно на англиски, индонезијски, корејски и руски.

**Афоризми**
збирка на итрините од Учителката
достапно на англиски и кинески во едно издание; шпански и португалски во едно издание; француски и германски во едно издание, корејски

**Возвишена кујна** – интернационална вегетаријанска куварица
збирка на куварски деликатеси, кои ги препорачуваат практикантите од сите краеви на светот.
достапно на англиски и кинески јазик во едно издание.

## *Аудио и видео касети*

Скоро сите главни предавања и интервјуи на Учителката Чинг Хаи како и нејзините разговори со групи на иницирани ученици,

се снимани на аудио и видео касети. Некои од касетите на англиски јазик се:

| Бр. | НАСЛОВ |
|---|---|
| E1 | Тао, звук и збор |
| E2 | Мирот нека почне со нас |
| E3 | Најдобар пат до Кралството Господово |
| E4 | Да се припремеме за крајот на нашето патување |
| E5 | Пронајди го Учителот за своето просветлување |
